ГРАДОНАЧАЛНИК

# КИРИЛ ПЕЦАКОВ



# 2025

## ЧЕТИРИ ГОДИНИ
## ПРОМЕНИ

**ОПШТИНА ОХРИД**

Единица на локална самоуправа

# Драги сограѓани,

Оваа брошура не е само збир на бројки и проекти, туку е одраз на заедничката работа, посветеност и напредок што го постигнавме во изминатите четири години. Секоја страница сведочи за исполнетите ветувања и зацртаната визија за подобар живот во нашата општина.

Горд сум на секое реализирано дело – од изградбата и реконструкцијата на нови училишта и градинки, преку подобрувањето на патната инфраструктура, до инвестициите во спортските објекти и спортот, културата,  животната средина и се она што значи подобри услови за живот. Овие успеси се резултат на нашата заедничка енергија, транспарентност и одговорно управување.

Но, нашата мисија не завршува тука. Ова е само почеток. Пред нас стојат нови предизвици и уште поголеми цели. Ве поканувам да ја прелистате оваа брошура и да се уверите во постигнатото, а потоа заедно да продолжиме да градиме посилна и поубава иднина за сите нас.

Со почит,



Кирил Пецаков
Градоначалник



# Содржина


| | |
|---|---|
| РАЗВОЈ НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА | 06 |
| РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | 08 |
| ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО | 24 |
| МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА | 42 |
| БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА | 47 |
| СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 48 |
| ДЕТСКА ЗАШТИТА | 54 |
| СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ | 56 |
| ЖИВОТНА СРЕДИНА | 62 |
| КУЛТУРА | 64 |
| ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 84 |
| МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | 94 |
| ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | 100 |

# РАЗВОЈ НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Одржувањето, унапредувањето и развојот на сообраќајната и комуналната инфраструктура претставуваат еден од нашите клучни приоритети. Посветено работиме на подобрување на условите за живот на граѓаните, водејќи се од нивните реални потреби и барања.

Во изминатиот период, реализиравме значајни инфраструктурни зафати на целата територија на општината. Асфалтирани се нови улици, реконструирани се постојни сообраќајници, а паралелно се работеше и на поставување нови водоводни и канализациони линии – проекти што директно го подобруваат секојдневието на нашите сограѓани.

Остануваме отворени за комуникација, со јасна визија и силна волја да продолжиме со подобрување на основната инфраструктура – затоа што секоја улица, секој метар нова мрежа или реконструиран пат е инвестиција во подобра иднина за сите нас.



СЕ ПОСТАВИ НОВ АСФАЛТ НА:

- Улица „Јордан Мијалков“
- Улица „Марко Цепенков“,
- Улица „Прилепска“,
- Улица „Ирина Мирка Гинова“,
- Улица „Будва“,
- Улица „Ѓорче Петров“,
- Улица „Сатеска“
- Улица „Момчило Јорданоски“,
- 3 краци од улица „Даме Груев“,
- Улица „28-ми Април“,
- Улица „Спас Банцов“
- Улица „Веле Марко“
- Улица „Никола Петров Русински“
- Улица „Анастасија Узунова“
- Дел од улица „Дејан Војвода“ и „Македонски Просветители“ со партерно уредување на тротоарски површини.
- Три краци на улица „Абас Емин“.
- Четири краци на улица „15-ти Корпус“.
- Два краци на улица „Нада Филева“.
- Дел од улица „Кирил и Методиј“.
- Крак на улица „Егејска“.
- Четири краци на улица „130“.
- Краци на улица „Ристо Чадо“.
- Кружна крстосница кај Здружение на возачи на пресек на ул.„Ристо Чадо“, „7ми Ноември“, „15ти Корпус“ и „Железничка“.
- Дел од улица „Даме Груев“ (кај старо кино).
- Крак на улица „Маршал Тито“.
- Краци од улица „Јордан Мијалков“
- Краци од улица „Крали Марко“
- Краци од улица „Мирче Ацев“.



- Локален патен правец до село Плаќе.
- 22 локации во Велгошти
- 10-на локации во Косел
- 5 локации во Ливоишта
- 3 локации во Вапила
- 10-на локации во Лескоец
- 2 локации во Куратица
- Како и на неколку улици во Елшани, Подмоље, Трпејца, Пештани, Орман, Долно Лакочерај, населба „Рача“, населба „Исток“.

- Улицата „7-ми Ноември“ доби комплетно нов лик. Оваа важна сообраќајница е изведена по сите современи стандарди, поставен е нов асфалт на коловозната лента, изведени се нови тротоарски површини, извршена е изградба на нова велосипедска патека и нова атмосферска канализација во должина од 700м. Поставена е нова мрежа за јавно осветлување и соодветна хоризонтална и ветрикална сообраќајна сигнализација. Исто така извршено е спуштање под земја на сите видови инсталации по целата должина на улицата.
- Со реконструкцијата на булеварот „Македонски Просветители“, Охрид доби автентична сообраќајница која е во согласност со градската архитектура во заштитениот дел на градот. Беше извршена реконструкција на двете коловозни ленти, со тротоари од двете страни, велосипедска патека, нова атмосферска канализација и ново улично осветлување.
- Комплетирана е првата фаза од реконструкција на улицата „Гоце Делчев“. Поставен е нов асфалт на коловозот. Согласно проектот на улицата се постави атмосферска канализација, се уредија тротоарските површини, се постави ново осветлување и соодветна сообраќајна сигнализација.



# РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ

- Изведба на водоводна линија за УЗ 4,дел од УБ 4.7,Опфат 2 (дел од ул.АСНОМ)
- Приклучок на водоводна мрежа за ОУ „Ванчо Николески“ во с.Лескоец
- Дислокација на водоводна линија на КП бр. 4121/4,КО Охрид
- Изведба на водоводна линија на дел од ул. „Живко Чинго“ во с.Велгошти
- Замена на водоводна линија на дел од ул. „Дејан Војвода“ (кај наплатен центар на ЕВН)
- Изведба на водоводна линија на дел од ул. „Славеј Планина“.
- Замена на водоводна линија на дел од ул. „Маршал Тито“ и ул. „Воденичарска“ во с.Велгошти
- Изведба на водоводна линија во с. Велгошти м.в. Навис
- Девијација на водоводна линија на дел од ул. „Македонски Просветители“.
- Поврзување на водоводна линија f-110 со препумпна станица во с.Шипокно
- Девијација на водоводна линиоја на дел од ул.„15-ти Корпус“ (стара Слобода)
- Изведба на водоводна линија на дел од ул. „Васил Стефовски“
- Изведба на водоводна линија за комплекс поранешна касарна.

Во тек се градежни активности на следниве локации:

- Реконструкција на водоводна линија на ул.„Кленоец“ во должина од 933 метри (досега се реализирани 120 метри).
- Санација на водоводна линија на дел од ул.„Воденичарска“ во с.Велгошти.
- Изведба на водоводна линија во с.Велгошти м.в.Навис.
- По завршувањето на овие градежни објекти ќе се пристапи кон Изведба на водоводна линија на крак на ул.„Васил Стефовски“ во должина од 170 мерти во УЗ „Воска“.

ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Изведба на фекална канализација во зона „Запад“ (кај Лукоил и Окта) во должина од 202 метри.
- Изведба на фекална канализација за комплекс на ул. „АСНОМ“ во должина од 72метри.
- Изведба на фекална канализација на крак на улица во с. Лескоец во должина од 222 метри.
- Изведба на фекална каналиација на краци на улиците: „Димитар Влахов“,населба „Лагадин“,крак на Булевар „Туристичка“ во должина од 113 метри.
- Вкупно се изведени 609 метри фекална канализација со вкупен износ од 1.733 678 денари а реконструирани се 208 метри каналиациона мрежа на територијата на Општина Охрид со вкупен износ од 566 723 денари.





ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Изведба на атмосферски канал кај комплекс „Билјанини Извори“ во должина од 252 метри.
- Изведба на атмосферска канализација на дел од ул.„Прилепска“ во должина од 261 метар.
- Изведба на атмосферска канализација на пресекот на ул.„Петрино“ и ул.„Кленоец“ во вкупна должина од 284 метри.
- Изведба на атмосферска канализација во зона „Запад“ (кај ЛУКОИЛ и Окта) во вкупна должина од 72 метри.
- Изведба на атмосферска каналзација на дел од ул. „Гоце Делчев“ (крак 3,4 и 5)
- Изведба на атмосферска каналиација кај комплекс „Св. Стефан“ во вкупна должина од 66 метри.
- Изведба на атмосферска каналиација на дел од ул. „Васил Главинов“ во вкупна должина од 48 метри.
- Доизведба на атмосферска канализација за Гимназија „Св. Климент Охридски“ во должина од 25 метри.
- Изградба на одводен атмосферски канал во с. Велгошти во должина од 215 метри.
- Изведени се вкупно 1189 метри атмосферска канализација на територијата на Општина Охрид во вкупен износ од 12 649 781 денари. Во рамките на овие активности истотака се вршеше и нивелација на шахти и промена на капаци на шахти на целата територија на Општина Охрид со вкупен износ од 2.184 535 денари.

# РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ПО УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

- Партерно уредување на крак од булевар „Туристичка" (кај маркет Кипер) во вкупна површина од 672 м2.
- Партерно уредување на дел од улиците: „Гоце Делчев", „Дејан Војвода" и „Даме Груев" во вкупна површина од 984 м2.
- Партерно уредување на краци од ул. „Никола Карев" и ул. „Питу Гули" во вкупна површина од 496 м2.
- Партерно уредување на дворот на Средното Угостителско училиште „Ванчо Питошески" во вкупна површина од 170 м2.
- Извршено е санирање на оштеени тротоарски коловозни површини во вкупна површина од 502 м2.
- Реконтрукција и поплочување на тротоари на ул. „Димитар Влахов".
- Партерно уредување на дел од ул. „Галичица".
- Изведба на ограден ѕид кај спортско игралиште во населба „Видобишта".
- Партерно уредување на тротоарски површини на дел од ул. „Прва Македонска Ударна Бригада".



Со цел да придонесеме на подобри услови за спорт и рекреацијата на најмладите успешно релизираме проекти за изградба на детски и повеќе-наменски игралишта на цела територија на Општина Охрид. Во изминативе три години изградивме 20-тина детски и спортски повеќе-наменски игралишта.

- Во населбите „Стобекс ", „Далјан", „Рача", „Гоце Делчев" и „Лагадин"
- На улиците „Крали Марко", „Јане Сандански", „Даме Груев", „Карпош Војвода" на булевар „Туристичка" наспорти хотел „Дончо".
- Во Пештани, Подмоље, Долно, Елашни, Горно Лакочереј и Косел,
- Во ООУ „Живко Чинго" во Велгошти, во ООУ „Свети Климент Охридски", ООУ
- „Братство"-Лескајца, во ООУ „Христо Узунов"

ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

- Фарбање и санација на клупи и друга урбана опрема во Општина Охрид
- Санација и фарбање на мост и заштитна ограда на детското игралиште во село Долно Лакочереј
- Изведба на метална заштитна ограда на дел од ул. „Ирина Мирка Гинова" во село Велгошти
- Изработка на бокс за заштита на контејнери на пешачко-рекреативна патека „Котва"-хотел „Парк"
- Санација на пешачко-рекреативна патека „Котва"-хотел „Парк" со износ
- Извршена е санација на потпорни ѕидови во село Велгошти, населба „Рача" и кај црква „Св.Константин и Елена" во УЗ „Стар град" со вкупна површина од 200 м2
- Извршено е фугирање на 300 м2 на потпорни ѕидови на повеќе локации низ Охрид.





Улица „7-ми Ноември“



Улица „7-ми Ноември“



Улица „Сатеска“



Улица „Прилепска“





Улица „Јордан Мијалков“



Улица „Јордан Мијалков“



Улица „Марко Цепенков“



Улица „Марко Цепенков“



Улица „Ирина Мирка Гинова“


Улица „Ирина Мирка Гинова“


Улица „Будва“



Улица „Сатеска“




Партерно уредување во Стар град


Краци од улица „Даме Груев“


Улица „Македонски Просветители


Партерно уредување во Стар град


Улица „7 - ми Ноември“


Улица „Анастасија Узунова“



Улица „Даме Груев“


Улица „Даме Груев“





Улица „Дејан Војвода“


Улица „Гоце Делчев“



Кружен тек - „Здружение на возачи“



Улица „Македонски Просветители“


Улица „Мирче Ацев“


Улица „Нада Филева“


Улица „Момчило Јорданоски“


Улица „Момчило Јорданоски“




Плаќе


Улица „Ристо Чадо“


Улица во Лескоец


Улица „Веле Марко“

# ПРОЕКТИ ОД ПРВИОТ ЈАВЕН ПОВИК НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Реализирани се следните проекти:

- Реконтрукција на улици во село Опеница со должина од 1030 метри, вкупна површина од 3090 м2.
- Реконструкција на улица во село Куратица со должина од 1240 метри, површина од 6200 м2.
- Реконтрукција на улица во село Подмоље со должина од 380 метри, површина од 1140 м2.
- Реконструкција на улици низ село Пештани во должина од 900 метри, површина 2700 м2.
- Реконтрукција на локален патен правец до црква „Св. Атанасиј" во село Рамне со должина од 1252 метри и површина од 3756 м2
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект –улица во село Долно Лакочереј со површина од 1896 м2.

Во тек е реализацијата на следните проекти:

- Реконструкција на водоводна линија на ул.„Кленоец" ЛТХ „Леарница";
- Реконструкција на атмосферска и фекална канализациона мрежа за дел од улица „Кленоец".
- Реконструкција на пешачки улици во рамките на градските гробишта во Охрид;
- Проект за замена на постоечка опрема во пумпна станица „Метропол";



Улица во село Долно Лакочереј



Улица во село Подмоље



# ПРОЕКТИ ОД ВТОРИОТ ЈАВЕН ПОВИК НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Потпишани се договорите за реализација на важни инфраструктурни проекти со кои Општина Охрид аплицираше на вториот Јавен повик за финансирање на инфраструктурни проекти, објавен од страна на Министерството за локална самоуправа:

- Изградба на Катна гаража во Општина Охрид
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект кој ги поврзува село Велгошти со село Лескоец
- Реконструкција на дел од улица Даме Груев од кружна крстосница улица Јане Сандански со Питу Гули до пресек со булевар „Туристичка".
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект на дел од улица „7ми Ноември од кружна крстосница „Охридска Банка" до пресек со улица „Егејска"
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект населба „Бараки"
- Реконструкција на потег дел од улица Петрино до пресек со улица Караорман село Лескоец
- Проект за употреба и одржување на урбан простор и парк на дел од „Кеј Македонија"
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект локален пат за село Завој
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект улица во село Долно Лакочереј крак 2
- Проект за линиски инфраструктурен објект локален пат од село Лескоец до село Горно Лакочереј
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за постоечки локален пат од камо Љубаништа до главен пат
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за дел од улица Кленоец и дел од улица Петрино
- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект на дел од улица „Партизанска" – населба Охридати.



Нов асфалт во село Куратица


Нов пат за с. Плаќе


Нов пат за с. Плаќе


Подземна инфраструктура улица „Кленоец“


Подземна инфраструктура улица „Кленоец“




Нов пат до „Св.Атанасиј“


Нов пат до „Св.Атанасиј“


Асфалтирање на улици во Пештани

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО



Во изминатите четири години, општина Охрид спроведе низа проекти за подобрување на образовната инфраструктура и квалитетот на наставата. Се вршеа реконструктивни зафати во сите училишта, со што се обезбеди побезбедна и покомфорна средина за учениците и вработените.

Тука се голем број проекти за реконструкција на објектите од средното образование, економското училиште и гимназијата, каде што се инвестирани значителни средства. Исто така, го решивме проблемот со ООУ „Кочо Рацин“ кое наскоро ќе биде дислоцирано во нови современи простории во Охридската касарна. Изградивме нова спортска сала во ООУ „Ванчо Николески“ во Лескоец и извршивме реконструкција и на ООУ „Свети Наум Охридски“ во Пештани.

Воведовме многу новини во делот на поддршката на талентирани ученици, а за прв пат обезбедивме поддршка за семејствата на првачиња и во континуитет даваме стипендии за студентите и учениците.



## УСПЕШНО СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ „НАШИТЕ ПРВАЧИЊА“

На сметките родители на деца запишани во прво одделение во рамки на основните училишта во општина Охрид се исплатени по 3000 денари финансиска поддршка во рамки на проектот „Нашите првачиња“.

## ДОДЕЛЕНИ УЧЕНИЧКИ И СТУДЕНТСКИ СТИПЕНДИИ

Доделени ученички и студентски стипендии. Исплатени се стипендии за ученици од основно образование, стипендии за ученици од средно образование и студенти.

## СЕ НАГРАДУВААТ ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ И НИВНИТЕ МЕНТОРИ

Учениците и нивните ментори од основните и средните училишта во општина Охрид кои постигнале значајни резултати на државни натпревари во знаење се наградени за својот успех. Дополнително и превозот за учество на натпреварите на учениците и нивните ментори комплетно беше обезбеден од општина Охрид.

## ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Сите основни училишта организираат продолжен престој за учениците, определен е буџет и можност за ангажирање на наставници.

## МОНИТОРИНГ И ПАТРОЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

Тековно се реализира проектот за мониторниг и патролно обезбедување на дел од основните и средните училишта. Ангажирана е агенција за обезбедување која ги извршува активностите.



## МАТУРСКА ПАРАДА

Охридските матуранти од средните училишта ОСУ„ Св. Климент Охридски“, СОСУ„Св. Кирил и Методи“, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, беа дел од манифестацијата „Матурска парада“ што се одржува на градскиот плоштад „Св. Климент Охридски“ во организација на Општина Охрид.

## ПРОЕКТИ СВЕТСКА БАНКА

Реализацијата на активности во рамки на проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) со која се предвидува комплетна реконструкција на три основни училишта во општина Охрид:

- ООУ„Христо Узунов“
- ООУ„ Св. Климент Охридски„
- ООУ „Братство и единство„ Лескајца





# ОСНОВНИ УЧИЛИШТА - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

## ООУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“

- Комплетна реконструкција на тоалети во централна зграда. Вкупната вредност е 1.387.382 денари.
- Корекции на основниот проект за изградба на ново училиште по што ќе биде издадено одобрение за градба
- Изработен е основниот проект за изградба на ново училиште;
- Со донација на Халк банка а.д. Скопје е изградено детско игралиште во рамки на ова училиште;
- Изработка на елаборат и проектански услуги 70.333;
- Извршено отстранување на дефект на системот за греење во ООУ „Братство единство“ (Крст Џамија) во износ од 203.125 денари;
- Во ООУ „Братство единство“ (Крст Џамија) во тек е распишување на тендерска постапка за демонтажа на постоечка надворешна столарија и нејзино одлагање, изработка и монтажа на комплетна надворешна столарија во износ од 546.300 денари;
- Во тек е распишување на тендерска постапка за демонтажа на постоечки под од ламинат и набавка, транспорт и монтажа на под-ламинат во училници ООУ „Братство единство“ (Крст Џамија) во износ од 420.000 денари;
- Извршена набавка на бели магнетни табли ООУ „Братство единство“ (Крст Џамија) во износ од 52.874 денари;
- Во тек е распишување на тендерска постапка за набавка, транспорт и монтажа на внатрешни врати во училници ООУ „Братство единство“ (Лескајца) во износ од 209.000 денари.



## ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ – с.ЛЕСКОЕЦ

- Изградена е училница за учениците од прво до петто одделение, вкупната вредност е 921.958 денари.
- Во тек е постапка за изведување на едно покриено спортско игралиште за повеќе спортски активности.
- Во тек е изградбата на училишна спортска сала, проект во вкупна вредност од 30.000.000 денари;
  - Извршена е изведба на потпорен ѕид – спортска сала ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец-Охрид во износ од 2.761.825 денари;
  - Во тек се припремни активности за исков и приклучување на електродистрибутивна мрежа за спортска сала во износ од 400.000 денари;
  - Во тек се подготвителни активности за отпочнување на тендерска постапка за опремување на спортска сала во износ од 2.000.000 денари.
- Поставена нова енергетски ефикасна фасада. Вкупната вредност на овој проект изнесува 1.564.984 денари средства од буџетот на општина Охрид.
- Изгради Газебу училница (училница во природа) - донација од невладина организација Macedonian schools project во вредност од 140.000 денари.
- Изгради инклузивна училница - донација од фирми и приватни лица - во вредност од 1.593.800 денари.
- Изгради нова библиотека во постоечка просторија - донација во вредност од 60.000 денари.
- Изготвен Елаборат за обележување на проектирана градба – спортско игралиште во износ од 84.000 денари.
- Изготвен Проект за потпорен ѕид во дворот на училиштето во износ од 70.800 денари.



# ОСНОВНИ УЧИЛИШТА - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

## ООУ „КОЧО РАЦИН“

- Комплетно се уредени тоалетите и влезот во подрачниот објект во село Долно Лакочереј во вредност од 300.000 денари.

- Завршена е комплетната постапка и издадено е правосилно одобрение на проект за реконструкција и адаптација на еден блок од старата касарна каде треба да се премести централното училиште.

- Реконструкција и адаптација на старата касарна каде треба да отпочне со работа ова училиште. Вкупната вредност на целиот проект со сите фази ќе биде околу 90.000.000 денари.

- Изработка на фаза машинство за потребите на новата зграда за ООУ „Кочо Рацин“ – Охрид по ситуација на крајот на 2024 година се исплатени 1.000.150 денари, а во првиот квартал од 2025 година исплатени се 4.806.494 денари

- Услуги за надзор за потребите на изградба на новата зграда-стара касарна 876.356 денари;

- Услуга за изработка на елаборат и оновен проект 125.138 денари.;

- Во постапка е приклучок на водоводна линија за ООУ „Кочо Рацин“– Касарна во износ од 295.154 денари.











# ОСНОВНИ УЧИЛИШТА - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

## ООУ „ЖИВКО ЧИНГО“ – с.ВЕЛГОШТИ

- Извршена е реконструкција на влезот во училиштето во износ од 195.932 денари.
- Завршена е тендерска постапка за изработка, монтажа и демонтажа на 10 врати во износ од 167.500 денари;
- Извршена промена на врати од санитарни јазли во износ од 60.000 денари од сопствени средства во 2024 година, а исто така извршена е промена на врати во санитарни јазли во 2025 година во износ од 18.000 денари од сопствени средства.

## ООУ „ХРИСТО УЗУНОВ“

- Набавени се на клупи и столчиња во износ од 1.652.100 денари.
- Набавка на смарт табли за потребите на училиштето. Инвестиција во износ од 1.100.000 денари е од буџетот на општина Охрид.
- Изградена е нова училница а за првпат поставени се и грејни тела за затоплување на спортската сала;
- Извршена набавка на клупи и столчиња во износ од 1.578.000;
- Извршена набавка на ролетни за училници во износ од 458.194денари;
- Извршена набавка на машини за чистење во износ од 280.368 денари
- Набавка на спортска опрема и реквизити за часовите по ФЗО и спорт во износ од 600.000,00 денари (за сите основни училишта).

## ООУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“

- Извршена набавка на мрежна опрема со договор за трајно користење на движни ствари од Министерството за образование и преку Општина Охрид на износ од 1.623.516 денари;
- Извршен партено уредување на училишен двор во износ од 697.026 денари;
- Во тек е отпочнување на тендерска постапка за изградба на видиковец во износ од 150.000 денари;
- Во тек е распишување на тендерска постапка за реконструкција на фасада и олуци во износ од 700.000 денари за 2025 година.



## ООУ „Св.НАУМ ОХРИДСКИ“ – с.Пештани

- Извршена е санација на подрачниот објект во село Трпејца во вредност од 140.682 денари.
- Извршено е поставување на нова енергетски ефикасна фасада на целото училиште заедно со спортската сала. Поставена е пристапна рампа со лифт и извршено е опремување на тоалет за ученици со посебни потреби. Извршено е опремување на училишната спортска сала со сите потребни реквизити за изведување на наставата по предметот Физичко и здравствено образование.
- Извршена промена на кровен покривач во ПУ Трпејца во износ од 120.000 денари;
- Завршена тендерска постапка за уредување на училишен двор во износ од 678.500 денари;
- Во тек е тендерска постапка за реконструкција на тоалети во ПУ Коњско во износ од 307.000 денари;
- Во тек е тендерска постапка за набавка на смарт табли во ПУ Елшани во износ од 145.100 денари.
- Во тек е изработка на проектна документација за дислокација на ситемот за парно греење.

## ООУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

- Набавени се компјутери за потребите на наставата по информатика во вкупна вредност од околу 195.000 денари.
- Извршено е комплетно молерисување на училиштето во вредност од околу 250.000 денари.
- Набавени се смарт табли во вкупна вредност од 368.404 денари. Завршена е тендерска постапка за реконструкција на тоалетите во ова училиште и наскоро ќе отпочнат градежните активности.
- Проектот е со вкупна вредност од околу 1.900.000 денари.
- Набавени се смарт табли во вкупна вредност од 300.000 денари;
- Завршена е реконструкција на тоалети во одделенска настава во износ од 1.810.000денари, а во тек е тендерска постапка за реконструкција на тоалетите во предметна настава во износ од 1.200.000 денари;
- Во тек е тендерска постапка за реконструкција на просторија во ходник во износ од 180.000денари;
- Извршена е набавка на компјутери и печатари во износ од 60.000денари.

# СРЕДНИ УЧИЛИШТА

## СОСУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

- Завршено е партерно уредување на дворот во износ од 2.808.400 денари;
- Се поставува нова електрична инсталација, се врши санација на ѕидови и изградба на соблекувални за спортската сала, во вкупна вредност на од 14.000.000 денари;
- Набавен е нов систем за греење (со топлотни пумпи) во училиштето. Во вредност од околу 11.500.000 денари;
- Заврши поставувањето на фотонапонската централа на кровот со моќност од 22 kW и ќе биде надополнување на новиот систем на греење
- Комплетно се реконструирани подовите во училиштето во вредност од 6.600.000 денари.
- Заврши тендерската постапка за избор на економски оператор за поставување на надворешни ролетни во училиштето по што ќе следува постапка на монтажа на истите;
- Извршена е изработка и монтажа на алуминиумски надворешни ролетни во износ од 899.160 денари
- Извршена набавка на ИТ опрема во износ од 1.204.350 денари;
- Извршена реконструкција и санација на ограда во износ од 697.132 денари;
- Извршена е набавка и монтажа на влезна сензорна врата во износ од 593.540 денари.
- 
- Во тек е постапка за набавка на училишен мебел и опрема во износ од 1.200.000 денари;
- Во тек е постапка за набавка и монтажа на спортски реквизити за спортска сала во износ од 300.000 денари;
- Во тек е постапка за дополнување на систем за греење во спортска сала 1.500.000 денари;
- Во тек е постапка за санација на ѕидови во спортска сала во износ од 600.000 денари;
- Во тек е постапка за санација на паркет во спортска сала во износ од 818.560 денари.





## ОЕМУЦ „Св. НАУМ ОХРИДСКИ“

- Набавени се училишен мебел (клупи и столчиња) во вкупна вредност од 2.900.000 денари.
- Набавени се компјутери во вкупен износ од 570.177 денари.
- Набавени се смарт табли во вкупен износ од 1.200.000 денари. Дополнително објавен е тендер за набавка на преостанатите потребни смарт табли за училиштето со проценета вредност од 600.000 денари.
- Објавен е тендер за избор на економски оператор за набавка на ролетни за прозорите на училиштето во вкупна проценета вредност од 1.000.000 денари.
- Во завршна фаза е реконструкцијата на тоалети и уредувањето на простор за потребите на ова училиште;
- Се очекува МОН до крајот на годината да објави тендер за изградба на модерна работилница за потребите на училиштето врз основа на претходно изработен проект;
- Изработена е комплетна проектна документација за поставување на фотонапонска централа на кровот од училиштето и спортската сала;
- Извршена е замена на ограда во зградата на училиштето во износ од 399.991денари;
- Извршена реконструкција и надополнување на осветлувањето во спортска сала во износ од 385.860 денари;
- Извршена реконструкција и санација на тоалети во износ од 482.930 денари;
- Извршена набавка на опрема за машинска група предмети во износ од 211.576 денари;
- Извршена набавка на опрема за електро група предмети во износ од 427.670 денари;
- Извршена набавка на опрема за смер козметика во износ од 28.000 денари.



# СРЕДНИ УЧИЛИШТА

## ОСУ „Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

- Изработен е проект за реконструкција на кров, подови, ѕидови и столарија Проектот ќе биде аплициран до Министерството за транспорт и врски за добивање на одобрение за градба;
- Завршено е поставувањето на нова ограда во вредностод 4.999.138 денари
- Започнати се активности за партерно и хортикултурно уредување на дворот. Во вкупна вресност од 14.350.000 денари;
- Изработен е проект и објавен е тендер за избор на економски оператор за промена на дел електричната инсталација.
- Извршена е санација на училишни тоалети и дел од внатрешни ѕидови со вкупна вредност на инвестиција околу 2.300.000 денари
- Набавени се училишен мебел, клупи и столчиња во вредност од околу 2.000.000 денари.
- Постевен е систем за громобранска заштита во вкупна вредност околу 250.000 денари,
- Поставена е атмосферска канализација околу објектот на гиманзијата и спортската сала, заедно со нова водоводна и хидрантска мрежа и нов приклучок за вода за Гимназијата. Вкупната вредност на проектот е 5.500.000 денари,
- Воведена е едносменска настава во училиштето;
- Поставен е тартан подлога на игралиште во износ од 929.368 денари средства од блок дотација;
- Завршена е реализацијата на трета фаза за промена на електричната инсталација во училиштето во износ од 10.981.350,22 денари средства од блок дотација;
- Извршена набавка на компјутерска опрема во износ од 1.397.760денари средства од блок дотација
- Набавка на апарати за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и хидранти во износ од 654.000 денари;
- Набавка на спортски реквизити и спортска опрема за час по ФЗО и опремување на новото спортско игралиште во износ од 325.800 денари буџетски средства;
- Набавка и поставување на чешми во училишниот двор во износ од 20.000 денари;
- Набавка и поставување на ограда во амфитеатар во износ од 61.000,00 денари средства од блок дотација;
- Поставување на спуштен плафон во ходници во износ од 316.122 денари средства од блок дотација;
- Изградба на натстрешница во дворот во износ од 600.000 денари средства од блок дотација;
- Чистење на оџак, цистерна и котли за парно греење во износ од 120.000денари средства од блок дотација;
- Набавка и поставување на потопни пумпи, млазници и рефлектори за надворешни фонтани во износ од 366.445 денари средства од блок дотација.
































Spring
Autumn
Winter







# МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА



Младите луѓе се носители на идеи и иновации. Затоа, инвестирањето во нивното развивање и поддршката на нивните потреби е суштинско за обезбедување на посилна и одржлива локална заедница.

Особено сме горди на воспоставувањето и официјалното отворање на Младинскиот центар, кој е навистина прекрасна во место со голема позитивна енергија, кое допрва ќе даде голем придонес во креирање и имплементирање на младинските политики во Охрид.

Покрај отварањето на младинскиот центар и неговата континуирана поддршка, за остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на Општина Охрид, функционираат и Локален совет на млади и Локално младинско собрание, а изготвена е и Локална Стратегија за млади и затоа сме посочени како позитивен пример во нашата држава во делот на соработката со младите.



## ОТВОРЕН ПРВИОТ МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ВО ОХРИД

Во октомври 2022 година во просториите на некогашната касарна, со пригодна свеченост беше отворен Младинскиот Центар. Ова покажува дека како локална власт, покрај законските обврски, ние искрено сме посветени да го подобриме животот на младите. Општина Охрид прерасна во еден позитивен пример во нашата држава бидејќи има успешна реализација не само на обврските согласно Законот за младинско учество, туку оди и едно скалило погоре, во насока на реализирање на конкретни мерки и проекти за подобар статус на младите. Особено сме горди на воспоставувањето и официјалното отворање на Младинскиот центар, кој е навистина прекрасна во место со голема позитивна енергија, кое допрва ќе даде голем придонес во креирање и имплементирање на младинските политики во Охрид.

Целта на Младинскиот центар е да им овозможи на младите да ги унапредуваат своите знаења и да го зголемат своето учество во процесите на донесување одлуки во образовните институции и општината. Овозможивме еден современ простор каде што се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во заедницата преку неформално образование, забавни и волонтерски активности, информирање, менторство и советување. Центарот спроведува активности и мерки за развивање на креативниот потенцијал на младите, а подготвува и реализира активности за промоција на различни таленти.
Покрај отварањето на младинскиот центар, за остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на Општина Охрид, формиран е Локален совет на млади и Локално младинско собрание, а изготвена е и Локална Стратегија за млади 2021-2026 год.



# МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА





Младинскиот Центар Охрид оствари повеќе програмски активности од областа на младинско учевство, култура, неформално образование, програма младинско информирање, вработување и претприемништво.

- Младинскиот Центар започна со спроведување на онлајн кампања преку која ќе споделува корисни информации и интересни факти за културните споменици во Охрид, локалитети, музеи итн., наречена "Истражете го Охрид-дигитална одисеја низ културните знаменитостии музеи".
- Во изминатиов перод беа одржани повеќе дебати, тематски работилници, едукативни работилници,театарски проби и изведба на театарски перформанси, креативни работилници, одбележани значајни настани и јубилеи:
- Одбележан Меѓународниот ден на образованието на тема „Учење на траен мир"
- Одржана работилница која ги разработуваше "потребите и предизиците на средношколците" а истата се одржа во ОЕМУЦ Св. Наум Охридски –Охрид.
- Одржан квиз на знаење по повод меѓународниот ден на мајчин јазик.
- На 12 мај во просториите на Младински Центар беше одржан фестивал на образование и кариера на кој учевствуваа представници од факултетот за Туризам и Угостителство,
- Факултетот за информатилки технологии Охрид и Градежниот факултет при УКИМ.
- Организиран саем за образование и кариера на кој учествуваа 11 високо образовни институции ширум Македонија кои своите програми ги представија пред 350 млади.
- Промоција на ProfilPASS. Активностите беа во фокус на методологијатаSport4Employabitly, со што првично се стави краток осврт на profilPASS.
- Национално дебатно првенство . Учество на представници од МЦО на 154 дебатен турнир а организатор на истиот е младинскиот образовен форум- Моф/ Youth Educionational Forum, а подржани од проектот на УСАИД за медиумска писменост "Младите рамислуваат"
- Во областа на културата беше организирана проекција на филм и танцов перформанс "Простор за разговор", беше одржана театарска прдстава и музичка приредба.
- Организирање на семинар за пишување на модули за младинска работа во Скопје
- Коалицијата на младински организации "Сега" е партнр на проектот "for open minded youth woters" кој се спроведува во соработка со организациите MaisonPourTous Lagrange од Шербоург и Musigue Ehprienceод Дусе франција. Целта на оваа студиска посета е да се истражи младинската посета во Франција и поддршката која ја добиваат од локаланите власти како и да се поделат позитивни искуства и да се создаде можност за понатамошна соработка
- Во рамки на меѓународната соработка раководителот на Младинсиот Центар, Јован Цветкоски учествуваше на третата по ред Европска Академија за Младинска Работа која се одржа во Крањска Гора Словенија.

Во октомври 2023 година Општина Охрид беше посочена како позитивен пример за имплементација на младински политики на локално ниво, на Регионалната конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво „Младински соседски дијалози: Сега за иднината!", која се одржа во Скопје, организирана од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), учествуваат повеќе од 50 млади од целиот регион.

## ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

- За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид , согласно законот за младинско учество и младински политики објавен во службен весник на РМ бр.10 од 16.01.2020 година, се наметнува потребата од формирање на локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.
- Локалниот Младински Совет настојува да биде транспарентен и отчетен кон јавноста и кон младите во Општина Охрид па токму поради тоа огромно влијание имаат односите со пошироката јавност.
- Во тата смисла на веб станата на општина Охрид на посебна потстраница секој може да пристапи и да дознае информации за членовите на ЛМС.
- За својата работа ЛМС одржува редовни седници на ЛМС
- Учествува во формирање на младински иницијативи
- Учество на годишно собрание на Интернационална полициска асоцијација –Охрид
- Ооганизира Онлајн промоции
- -председателот на Совет на Млади има право да учествува на Седниците на Советот на Општина Охрид.

Главната активност на членовите на Локалниот Младински беше вклученост на младите во реализација на двета младински иницијативи

- Заштити се себе си кажи не на насилството.
- Промоција на ЛМС преку промоција на младите.
- ПРОЕКТ 1 Мултикултурен фестивал чија цел е спојување на разчичните етнички заедници и нивно представување на нивните култури.
- ПРОЕКТ 2 Еко суп, Еко планирање, Еко велосипед

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во текот на 2023 и 2024 година општина Охрид од страна на УНДП доби финансиски средства за реализација на проектот „Зајакнување на улогата на младите во општина Охрид", составен од две носечки иницијативи „Промоција на Локален Младински Совет преку промоција на младите" и „Заштити се себе си кажи не на насилството", со единствена цел подобрување на улогата и соживотот меѓу младите во Општината.

## ИНИЦИЈАТИВА „ЗАШТИТИ СЕ СЕБЕ СИ КАЖИ НЕ НА НАСИЛСТВОТО"

При имплементација на оваа иницијатива младите кои беа вклучени во реализација на проектот во април и март ги посетија основните и средните училишта во градот и одржаа неколку панел дискусии на кои ги запознаа учесниците со поимот насилство и со последиците од истото.. Покрај тоа во простоиите на МЦО беше оддржана трибина на која учествуваа претставници од СВР Охрид , претставници од одделение за превенција од насилсво при СВР Охрид, Представници од ИПА полициски сендикат, претставници од министерство за Туд и социјална политика, професори, ученици и медиуми. На оваа трибина се зборуваше за облиците на насилство и превенција од истото.

## ИНИЦИЈАТИВА „ПРОМОЦИЈА НА ЛМС ПРЕКУ ПРОМОЦИЈА НА МЛАДИТЕ"

Со реализација на оваа иницијатива се детектираа најистакнатите проблеми со кои се соочуваат младите . За таа цел беа посетени средните училишта факултетот и универзитетот на територијата на општина Охрид. Целтга на оваа иницијатива е да се зголми учеството на младите, нивната информираност за она што нив ги интересира и што се залагаат да биде решено.

## УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ RELOAD2

Општина Охрид беше вклучена во регионалната програма за локална демократија во западен балкан ReLOAD2.

Беа избрани и финансирани проектите на следнитеневладини организации:

1. "Здружение клуб за нуркање Акватек Охрид" – со проектот "Зелена младина, зелена иднина"

2. "Здружение за заштита и одржлив развој Зелен Центар Охрид" – со проектот дигитализација и промоција на културното наследство во Охрид".

3. "Здружение за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи - Жртва Охрид" со проектот "Превенција од наскилен екстремизам и радикализам кај млад

Во рамки на ReLOAD2 програмата во 2024 година за прв пат беа подржани младински иницијативи кои целосно беа финансирани од УНДП

Првата иницијатива има наслов "Ела вози" носител на истата е младинската организација "Аматер" од Охрид а целта на истата е реновирање на Скејт паркот во Охрид.

Втората иницијатива има наслов "Активирај,креирај, трансформирај, носител на истата е младинската организација "Архид"- Охрид.



# БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА



Од областа на безбедност и здравје при работа во Општина Охрид за прв пат е донесена:
- Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година
- Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година

За прв пат во 2023 година се реализирани обуки за вработените во општина Охрид:
- Обука за давање прва помош на работно место;
- Обука за заштита од пожари, евакуација и спасување;

Од областа на заштита и спасување и управување со кризи во општина Охрид за прв пат е донесена:
- Програма за реализација на активностите на Општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година
- Програма за реализација на активностите на Општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година

За прв пат во 2023 година е реализирана основна обука, тренинг и вежба на Просторните сили на општина Охрид (гасење на пожари на отворен простор, евакуација и згрижување на настрадано население) од Центар за обука при Дирекција за заштита и спасување.

Во јуни 2024 година општина Охрид стана дел од Иницијативата за отпорни градови Making Cities Resilient 2030 (MCR2030) во рамки на Канцеларијата на ООН за намалување на катастрофи.

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА СТАРИ ЛИЦА

Веќе е финализирана постапката за отворање на Дневен центар за стари лица во нашиот град. Тоа ќе биде место каде што пензионерите ќе можат да се дружат, да бидат креативни и да добијат потребна поддршка.

Просторот за овој центар веќе е обезбеден од страна на локалната самоуправа, а средствата за опремување се обезбедени преку грант од Третиот јавен повик за доделување грантови за развој на социјални услуги на локално ниво, во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, кој го спроведува Министерството за социјална политика, демографија и млади. Станува збор за Проект за подобрување на социјалните услуги, поднесена од страна на општина Охрид и Здружение за воспитно, образовна, психо- социјална поддршка ВОПС. Проектот е одобрен од Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија.

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

Со цел да се обезбеди инклузивен пристап за децата со попреченост во општествените процеси, Општина Охрид и Здружението на граѓани ВООПС, преку повикот на Министерството за труд и социјална политика обезбедија воспоставување на Дневен центар за лица со попречености на територијата на општина Охрид.
Центарот функционира по сите стандарди, со сите потребни стручни лица во него, со што значително ќе се олесни животот на лицата со посебни потреби и нивните семејства.
Просториите кои ги користи овој центар се сместени во објектите на поранешната касарна. Во овие простории претходно функционираше Игротека за деца со посебни потреби, која беше опремен со средства преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

- Проект - „ Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓанита" – со наслов на проектот „ Отворени можности за еднакво образование за сите деца". Проектот е финасиски подржан од страна на УНДП и општина Охрид, и во соработка со Агенција за вработување – Охрид и Центар за социјални работи – Охрид. Согласно активностите на проектот, ангажирани беа 10 (десет) образовни асистенти во средните училишта, согласно потребата на училиштата од образовни асистенти, т.е колку деца има со полесна попреченост кои имаат потреба и помош во текот на одржувањето на наставата од образовен асистент.
- Субвенционирање на трошоци за комунални услуги, со оваа активност се обезбедува правото на остварување на социјална заштита на граѓаните, од средствата на буџетот на Општина Охрид, во облик на спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓаните кои се изложени на социјални ризици. Вкупниот износ на субвенцијата изнесува 703,00 денари месечно за секој корисник на субвенцијата.
- Поддршка на дневен центар на лица со интелектуална попреченост – Зраци.
- Дневен центар за згрижување на лица со попреченост во рамки на црквата „св. Ѓоргија" Охрид – Добротољубие. Проект за дневен центар на лица со попречености во развојот кој опфаќа лица со попреченост од различен вид. Независно од попреченоста сите лица кои имаат потреба имаат право да бидат дел од овој проект. Дневниот центар ги згрижува корисниците, изготвува индивидуални програми за работа за секој нов корисник и се врши проценка на посебните потреби, способности и можности.
- Еднократна финансиска поддршка на згрижувачки семејства ( финансиската поддршка се дава на згрижено дете и изнесува 10.000,00 денари.) Согласно програмата за социјална и здравствена заштита се предвиди еднократна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид. Средствата се наменети исклучиво за поддршка на лица (деца) кои се згрижени во семејства што опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа за деца и возрасни кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство.
- Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државните и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби. Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една учебна година. Износот на стипендијата изнесува 2000,00 денари за учениците со ретки болести и посебни потреби во основно и средно образование и 3000,00 денари за студентите, магистрантите и докторантите на државните и приватните униврерзитети.
- Образовен додаток за студенти. кои студираат надвор од општина Охрид и потекнувгаат од семејства со социјален ризик а се со место на живеење во општина Охрид. Износот се доделува еднократно и изнесува 6000,00 денари.
- Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст. Средствата се наменети исклучиво за поддршка на деца кои не се на училишна возраст но поради степенот на попреченост не се во можност да посетуваат настава и се лекуваат во домашни или болнички услови. Финансиската поддршка изнесува 15.000,00 денари по семејство.

- Здружение на глуви и наглуви лица. Со проект „ Социјализација на глувите лица во Охрид и обука за знаковен јазик и останати активности.
- ОО Црвен Крст Охрид. Проект „ И менталното здравје е важно"
- Здружение на граѓани Вопс. Проект „ Поддршка на инклузивна игротека радост"
- Здружение на планинари Великамен. Проект „ Специјален едукативен камп за планинарење на лица со попреченост".
- Здружение на граѓани за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите Сос Балкан медиа. Проект „ И ние можеме".
- Здружение на граѓани Тајните на моето срце. Проект „ Социјализација и инклузија на деца со ПОП" .
- Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој „ Во мојот свет" со поддршка за спроведување на годишен третман на деца од социјално загрозени семејства.


Regional Youth Conference
Neighborhood
Talks:
Youth Policies












СЕГА


МЛАДИНСКИ
ЦЕНТАР
ОХРИД




ПАРТНЕР НА
ВАШИОТ УСПЕХ


Подај рака и
промени живот!
СТАНИ ЗГРИЖУВАЧ
СТАНИ ЗГРИЖУВАЧ
zgrizuvanje.mk








ОПШТИНА
ОХРИД


ХРАБРО СРЦЕ
НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ



# ДЕТСКА ЗАШТИТА



## ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД

Како локална самоуправа особено внимание посветивме на детската заштита, а за таа цел нашата програма генерално беше насочена кон:
Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на детската заштита и Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на процесот на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.

- Завршени се градежните активности за реконструкција на тоалетите во објектите Росица и Лихнида проект во вкупна вредност од околу 7.400.000,00 денари кој се реализира со средства од Центарот за развој на југозападниот плански регион и буџетот на општина Охрид;
- Во објект Лихнида извршена е промена на дограмата во холовите и економскиот дел во вредност од 451.704денари;
- Во објект „Билјана“ извршена е промена на подовите во вредност од 469.179 денари.
- Реконструкција на кујната во објект во објект „Централна“ во вкупна вредност од 1.800.000 денари и набавен е аспиратор и систем за вентилација во вкупна вредност од 1.400.000 денари и Набавени се дел кујнска опрема и клима уреди согласно потребите на градинката вкупна вредност 680.000 денари;
- Реконструирана детската градинка во рамки на ОУ„Живко Чинго“ во село Велгошти
- Реконструиран подот во детската градинка во рамки на ОУ„Ванчо Николески“ во село Лескоец
- Отпочнати се градежните активности за реконструкција на тоалетите во објектите Росица и Лихнида проект во вкупна вредност од околу 7.400.000,00 денари кој се реализира со средства од Центарот за развој на југозападниот плански регион и буџетот на општина Охрид;
- Општина Охрид презеде обврска за исплата на дополнително ангажираниот кадар во градинка кој е неопходен за нормалното функционирање на градинката;
- Правосмукалки (индустриски) - 99 052 денари.
- Клима уреди - 144 375 денари.
- Сервис и фреон на клима уреди - 58 600 денари.
- Ситен инвентар за во кујни - 57 972 денари.
- Термоси за храна за транспорт на храната - 24 646 денари.
- Униформи и обувки за вработени - 687 940 денари.
- Проценка на ризик на работно место - 177 472 денари.
- Поправка на службено возило пежо - 50 950 денари.
- Перење на душеци од детски креветчиња - 49 920 денари.
- Ангажирани 10 образовни асистенти во средните училишта. Проектот заврши и е успешно реализиран.
- Субвенционирање на трошоци за комунални услуги во вредност од 2.438.200 денари.
- Поддржани 11 проектни идеи со Јавниот повик за финансирање во вкупен износ од 1.982.200 денари.
- Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Зраци“, се овозможува хонорарно ангажирање на две лица и тековни трошоци;
- Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Св Ѓорѓија“, се овозможува покривање на тековни трошоци;
- Поправка и одржување на лесни возила износ 43.300,00 денари;
- Дезинфекција на душечињата од креветите износ 49.920,00 денари;
- Проектна документација за Лихнида и Росица износ 62.540,00 денари;
- Изведување на електро инсталатерски работи објект Развигорче износ 47.200,00 денари;
- Натписни табли за сите објекти износ  24.904,00 денари;
- Стручен избор за проект за енергетска ефикасност и реконструкција на тоалети и бањи - објекти Росица и Лихнида износ 59.944,00 денари;
- Купување на кујнска опрема: машина за миење чинии износ 171.100,00 денари, фрижидер за замрзнување 700 литри износ 123.900,00 денари, фрижидер за замрзнување 1400 литри износ 194.700,00 денари, фрижидер за одржување 1400 литри износ 171.100,00 денари, фрижидер за одржување 700 литри износ 117.410,00 денари, шпорет со 4 рингли износ 248.626,00 денари; машина за перење 15 кг. износ 362.260,00 денари; машина за перење 15 кг. износ 232.460,00 денари. Вкупен износ на инвестицијата 520.110,00 денари;
- Купување на 2 косилки износ 48.400,00 денари и 1 тример износ 11.200,00  денари - вкупно 59.600,00 денари;
- Купување на 36 масички износ 108.000,00 денари, 101 детско столче износ 181.800,00 денари, 95 детски кревет износ 342.000,00 денари. Вкупен износ на инвестицијата е 745.524,00 денари.
- Набавка и монтажа на ламинат во објект Билјана износ 59.000,00 денари;
- Технички преглед и периодично испитување на отпор за заземјување на громобранска инсталација износ 70.800,00 денари;
- Во тек се и постапките за комплетна реконструкција на паркетот во холовите и занималните објект Росица, на молероварбарски услуги во истиот објек износ 2.800.000,00 денари;
- Во тек е постапка и за видео надзор во сите објекти износ 400.000,00 денари.





# СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ




Во изминатите четири години поддржавме 38 спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации и спортисти индивидуалци.

Започнавме со нова манифестација - Фестивал на водени спортови-OHRID WATER FESTIVAl, со што Охрид и Македонија конечно добија модерен и стратегиски проект, поврзан со нашето најзначајно обележје – Охридското Езеро, кој ги обединува и промовира сите водени спортови. Потенцијалот на фестивалот е огромен и убедени сме дека во иднина манифестацијата ќе се издигне на ниво на светски најпосетуваните и најбараните спортско-туристички дестинации наменети за љубителите на водата, водените спортови и добрата забава.

Спортување на сите генерации, правилен физички развој на младите, преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.



Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите, преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти, се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид  на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите, од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат. Во изминатите четири години за спорт и спортски активности, одвоени се 222.830.093 денари, од кои реализирани се 201.565.236, што претставува висока реализација од  над 90 проценти. За овој период субвенционирани се 25 спортски клубови кои ги користеа спортските терени од ЈП „Билјанини извори“, 27 спортски клубови и здруженија кои организираа спортски манифестации и настани и 32 спортисти индивидуалци.

Трета година по ред, во месец август, се одржува Фестивалот на водении спортови – OHRID WATER FESTIVAL, со што Охрид и Македонија добија модерен стратегиски проект, поврзан со нашето најзначајно обележје – Охридското езеро и ги обединува и промовира сите водени спортови.










SWIMMING MARATHON
EVN






ИЗГРАДБА НА ТРИБИНА НА СТАДИОН
„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ" ВО ОХРИД
НАДЗОР:
ПРОЕКТАНТ:
УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ СКОПЈЕ
ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА:






18TH FIEPS
6TH SCIENTIFIC
OHRID








СКОПСКО


rosa
ЖИТО ЛЕБ
V век
Kids
Run


НАЈДОБРИТЕ

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Охридскиот регион раполага со непроценливи природни богатства, а нашата одговорност и обврска е да ги сочуваме за идните генерации. Затоа и во делот на заштита на животната средина бевме ангажирани за креирање на конкретни мерки и проекти кои ќе придонесат за почиста средина и зачувување на природните вредности.




- Изработена е Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид (2023-2032)
- Се изработува зелен катастар - II -ра фаза
- Набавка и доделување на пластични садови од 120 л за селекција на отпад од домаќинствата во општина Охрид
- „Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад“, „Светскиот ден на животната средина“ и проектот Есенска рамноденица.



- Изготвена е и усвоена Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид (2023-2032);
- Локалитетот Дувало-сулфатарата во с. Косел, на иницијатива на Општина Охрид од страна на МЖСПП е прогласен за заштитено подрачје во категорија Природна реткост. Започната е реализација на проектот „Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел“;
- Реализиран е проектот Цветни балкони –цветен Охрид;
- Одбележан е „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирани се едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот);
- Реализиран е проектот „Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември (ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)“;
- Изготвен е План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во Општина Охрид, кој ќе биде усвоен на седница на Совет на крај на октомври;
- Донесен е Локален акциски план за управување со отпад на Општина Охрид (2024-2025);



# КУЛТУРА

Одделението за култура согласно Програмата за култура, Програмата за одбележување празници, манифестации, годишнини и јубилеи  во мандатот на градоначалникот Кирил Пецаков реализира бројни проекти, меѓу нив ги издвојуваме.

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА:

- Како резултат на меѓународната културна соработка помеѓу Општина Охрид и Амбасадата на Шпанија во Република Македонија во Охрид на 20.12.2022 година во изложбениот салон во НУЦК Ггригор Прличев се  одржа изложба  од македонскиот уметник Филип Фидановски по повод 140 годишнината од  раѓањето на познатиот светски уметник Пабло Пикасо.
- Три вечери по ред со почеток во 19.00 часот беа прикажани серија од познати шпански филмови на македонски јазик. На  настаните присуствуваше Н. Е  Хосе Луис Лосано Гарсија, Амбасадор на Шапанија во Република Македонија. Вкупен износ на реализација на проектот 90.000 денари
- Проектот „Мала ноќна музика“ чиј носител беше збратимениот град Крагујевац од Србија. Вкупен износ на реализација на проектот: 15.000 денари.



# 8  ДЕКЕМВРИ – ДЕНОТ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – ПАТРОН И ЗАШТИТНИК НА ОХРИД

- На највисоко ниво, со неколкудневна богата програма по традиција се одбележа Св. Климент Охридски – Патрон на градот Охрид.
- На свечената академија  по традиција се додели највисоката награда што ја доделува Општина Охрид „Св. Климент Охридски патрон на градот Охрид“.
- Највисоката награда за 2021 година ја доби академик Љупчо Коцарев, за 2022 година архимандрит  Нектариј  и  за 2024 година проф. д - р Павле Митрески.



# „ВЕЧЕР НА ЖИВКО ЧИНГО“ 2025

На годишнината од смртта на великанот на македонскиот раскаж,Живко Чинго по традиција во с. Велгошти се одржа културна манифестација „Вечер на Живко Чинго“. Годинава истоимената награда и беше врачена на авторката Дијана Петрова чиј раскаж „Мизанабим” беше избран за најдобар по претходно распишан Конкурс на Општина Охрид.

Наградениот раскаж се одликува со извонредна техника на раскажување што се засновува врз едно очигледно длабоко и темелно познавање на високите врвови на светската проза и на теоријата на прозата и притоа не изостанува авторската умешност лесно да ги хармонизира пристапите на некои великани со неговото лично авторско проседе.



# 11 ОКТОМВРИ ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ

Со богата културно – уметничка програма Општина Охрид достојно го одбележа 11 Октомври – Денот на народното востание на македонскиот народ.



# ОДБЕЛЕЖАН 23 ОКТОМВРИ – ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА



# 80 ГОДИНИ СЛОБОДЕН ОХРИД

Со свечена академија која беше пропратена со богата културно-уметничка програма и креативен сценски перформанс одбележани , „80 години Слободен Охрид“.






# ОХРИДСКА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА

Под покровителство на градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков од печат излезе археолошкиот труд „Охридска археолошка азбука“

Ова големо по значење дело за мали ученици со заложба на градоначалникот Кирил Пецаков е бесплатно доделено на 700 третоодделенци од охридските основни школи.

Автори на „Охридската археолошка азбука“ се факултетските професори Антонио Јакимовски, Елизабета Томевска-Илиевска, Маја Јаневска и младиот археолог, Иван Малезанов.
Одбележани 100 години од смртта на Петар Чаулев.

# ОХРИДСКА НОВОГОДИШНА ПРИКАЗНА

Во периодот од 24.12 до 31.12 Општина Охрид за прв пат ја реализира манифестацијата наменета за најмладите охриѓани и гостите кои престојуваа во Охрид за време на новогодишните и божиќните празници.



# ВАСИЛИЧАРСКИ КАРНЕВАЛ ВО КУРАТИЦА

Во организација на  Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “Василичарски карневал”.

# БАДНИКОВА ПОВОРКА

Околу 1000  охриѓанчиња  беа дел од годинашната Бадникова поворка што по традиција  се одржа  на Бадник о ден пред големиот христијански празник Божиќ.

# БОГОЈАВЛЕНИЕ - ВОДИЦИ

Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација  во Македонија и во целоклупниот православен свет  “Богојавление – Водици“;





# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА СПОМЕНИЦИ И  СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

Општина Охрид преку Одделението за култура надлежно за спомен-обележјата на подрачјето на општина Охрид, нивна санација, реставрација, чистење и одржување го реализираше проектот Дигитализација на споменици и спомен-обележја.

Дигиталната мапа содржи четири посебни слоеви, односно спомен обележјата се поделени на четири категории:

**Споменици на природата:**

- Информативна табла за Охридското Езеро
- Спомен дрво Коџаџик

Христијански споменици:

- Споменик на Свети Климент Охридски
- Споменик на браќата Свети Кирил и Методиј
- Споменик на Свети Наум Охридски Чудотворец
- Споменик на Свети Климент Охридски

**Споменици на лица од 19-20 век:**

- Спомен гроб на Антон Кецкаров
- Спомен гроб на Григор Прличев
- Спомен биста на Христо Узунов
- Спомен биста на Спас Банџов
- Спомен биста н Григор Прличев
- Спомен биста на Методи Патчев
- Спомен биста на Андон Дуков

**Спомен куќи и спомен плочи**

- Спомен плоча на куќата посветена на Христо Узунов
- Спомен плоча посветена на формирањето на прв местен комитет
- Спомен куќа на Григор Прличев
- Спомен плоча на Марко Бошнаков
- Спомен плоча посветена на Коста Абраш
- Спомен плоча – Избор на први академици
- Спомен плоча – Детско игралиште „Нада Филева”



# ОДБЕЛЕЖАНА ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА БОШНАКОВ

Општина Охрид секоја година ја одбележува смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошнаков

Беше посетена спомен - куќата и положено цвеќе пред спомен плочата на Великанот.

# ОХРИД СЕ ПОКЛОНУВА ВО ЧЕСТ НА ПРЛИЧЕВ

По традиција во рамки на „Прличевите беседи“ и годинава се одржа свеченост во родната куќа на Прличев, којашто пред 20 години беше реновирана и повторно отворена за посетителите.

Одбележан Јубилејот 195 години од раѓањето на Прличев и 165 години од објавувањето на поемата Сердарот

# 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА КИРИЛ ПРЛИЧЕВ







# 60 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА САДИЛО

Со чалгиските звуци и препевот на најпознатите песни од “Охридските трубадури“, синоќа во предворјето на црквата Св. Софија беа одбележани 60 години од смртта на најпознатиот чалгаџија Климе Садило. Настанот го организира Здружението за култура и уметност „Арт Вивенди“ под покровителство на Општина Охрид.

Пред присутните настапија КУД „Далги“ при Здружението на пензионери од Охрид и Дебрца, Охридскиот камерен оркестар, а беше изведена и драмата „Виолина што одекнува низ вековите“ од м-р Михаил Патчев.

# ОХРИДСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ

Во организација на Општина Охрид трета година по ред се одржува Охридскиот џез фестивал. Во прекрасниот амбиент на црквата Св. Софија во претходните две изданија свои настапи имаа врвни уметници Горан Папаз, Џон И. Апелгрен, Драган и Ратко Даутовски Наташа Миха, Дамир Имери, Иван Бежов и ансамблот „Билјана“. И за годинешното издание најавено е гостување на врвни џез музичари.

Со овој фестивал локалната власт настојува да ја збогати туристичката понуда со разновидни и квалитетни културни манифестации.





# ВЕЛИГЕНСКИ БАЗАР

Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар  го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концерт и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.

На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.

Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД „Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.

Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.






# ДИГИТАЛИЗИРАНА „ЕДИЦИЈАТА ОХРИДСКО КНИЖЕВНО НАСЛЕДСТВО“

Општина Охрид  преку Програмата за култура  во делот на Издавачка дејност го реализира проектот Охридско књижевно наследство. Приредувачи на проектот се проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски, а главен и одговорен уредник е Митре Велјаноски.
Едицијата: „Охридско книжевно наследство“ започна  во 2018-тата година и опфаќа 11 книги.

Во рамките на оваа едиција  се книгите:

- „Дојди во Охрид“(Антологија на песни  за Охрид), 2018 г,
- „Антологија на ловорот“, 2020 г.
- „Книга за Чинго“, 2021 г.,
- Охридски раскажувачи, 2022 година,
- Книга за светите браќа Кирил и Методиј, 2022 г.
- Книга за светите бража Климент и Наум Охридски, 2022 г.
- „Охридскиот XIX век“, 2023 г.,
- „Охридски поети“, 2023,
- „Охридските писатели за деца и младинци“, 20254 г,
- „Охридските драмски писатели“, 2024 г,
- „Охридските  писатели во книжевната критика“, 2025

Во текот на 2025 година  ќе бидат издадени книги Охридски фолклористи, Охридска историографија и Охридска книжевна школа. Целта на проектот е да се  соберат на едно место сите охридски духовници, преродбеници, револуционери и други општествени дејци кои оставиле свој траг во  целокупната охридска меморија.



# 120 ГОДИНИ ОД ХЕРОЈСКАТА ПОГИБИЈА НА ХРИСТО УЗУНОВ

Општина Охрид, со Свечена академија во спомен куќата на големиот охридски војвода и револуционер го одбележа јубилејот: 120 години од херојската погибија на учителот, војводата и револуционерот Христо Узунов

Во рамки на Свечената академија се одржа промоција на драмскиот текст: „Света саможртва за Македонија" од авторот Зоран Пејкоски. Промотори на книгата беа проф.д-р Димитар Пандев и проф.д-р Наташа Котлар.

Свечениот настан беше збогатен со културно – уметнички настапи на Охридскиот градски хор „Вокс Лихнидос", под диригентската палка на маестро Бурим Хидри, солистот Ѓоко Чеменкоски како и учениците од ООУ „Ванчо Николески" под менторство на професорката Емилија Блажеска.

Свеченостите по повод одбележување на 120 години од смртта на Христо Узунов продолжија и денес. Утрово делегација на општината положи свежо цвеќе пред неговата спомен биста во градскиот парк. По традиција претставници од Општина Охрид го посетија вечното почивалиште на Христо Узунов во селото Цер, кичевско каде пред повеќе од еден век се случи херојската погибија.

# КУЛТУРАТА РАСТЕ ЗАЕДНО СО ДЕЦАТА

Општина Охрид, втора година по ред, започна со реализација на проектот Културата расте со децата „За сите деца" од април до декември.

Преку проектот Културата расте со децата, Општина Охрид подготви богата културно-забавна програма посветена на најмладите охриѓанчиња (од 3 до 10 години) и најмладите гости кои летуваат во нашиот град.

Проектот започна во месец април и заврши во месец ноември со одбележување на Неделата на детето.

Во овој временски период секој петок на различни локации низ градот (на отворен и затворен простор) беа прикажани едукативни театарски претстави, мјузикли, концерти од детски музички фестивали, работилници за личен развој, книжевни хепенинзи, саеми на литература за деца, прикажување на филмови наменети за деца и други едукативни содржини.

Сите настани беа бесплатни за публиката.

# 55 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО НА ЈОРДАН МАНАСИЈЕВСКИ

Со промоција на богата Монографија посветена на делото на познатиот охридски, македонски и светски уметник Јордан Манасијески во зградата на Општина Охрид беа одбележани 55 години од неговото творештвото. Монографијата претходно беше промовирана во МАНУ во Скопје и во Битола.

Настанот имаше и хуманитарен карактер – продажба на графики. Дел од средствата кои се собраа ќе бидат донирани за настраданите лица во Кочани. Со свои музички точки пред присутните настапија познатиот гитарист Дамјан Пејчиноски и женскиот хор „Акордис".



# ОДБЕЛЕЖАН ЈУБИЛЕЈОТ 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МЕТОДИ ПАТЧЕ

Со свечена академија и пригодна културна програма во Охрид беше одбележан јубилејот-150 години од раѓањето на охридскиот револуционер Методи Патче.

Свеченоста беше збогатена со културно-уметничка програма. Од страна на учениците од ООУ „Ванчо Николески“ беше изведена драматизација на адаптирани историски факти: „Гласот на револуцијата“ од м-р. Михаил Патчев, а свои настапи имаа женскиот хор „Acordis“ и музички таленти од ОМУ „Методи Патче“.

Во рамки на свечената програма на Општина Охрид по повод 150 години од раѓањето на Методи Патче беше положено и свежо цвеќе пред неговиот споменик во градскиот парк. Цвеќе положи делегација на Општина Охрид, ОМУ „Методи Патче“, Сојузот на борци од Охрид и Дебрца, претставници на фамилијата Патчеви, политички партии и здруженија на граѓани.

# ОХРИД СЕ ПОКЛОНУВА ВО ЧЕСТ НА КИРИЛ И МЕТОДИЈ

„Европската рута на Светите Кирил и Методиј во културното наследство на Охрид и Преспа“

Како дел од свечената програма за чествување на 24-ти мај, Денот на сесловенските просветители, претпладнево пред споменикот на Кирил и Методиј на Охридскиот кеј се одржа пригоден настан на кој беа доделени награди на охридските ученици, кои оствариле високи резултати на државни и регионални натпревари.





# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА КУЛТУРНАТА РАЗНОВИДНОСТ

Со пригодна свеченост во Охрид за првпат се одбележа Светскиот ден за разновидност на културите, за дијалог и развој. Во рамките на проектот „Разликите зближуваат“ преку разни мултикултурни активности децата порачаа дека јазикот и традицијата не смеат да бидат пречка за комуникација и другарување.

Секоја година на 21 мај, светот го одбележува Светскиот ден на културната разновидност за дијалог и развој, инициран од УНЕСКО во 2001 година со усвојувањето на Универзалната декларација за културна разновидност . Овој ден е можност да се прослави богатството на светските култури и да се истакне значењето на меѓукултурниот дијалог за постигнување мир и одржлив развој.

# ДОДЕЛЕНА СВЕТСКАТА НАГРАДА НА ХУМАНИЗМОТ

На големиот празник посветен на Свети Климент Охридски на деветти август во куќата Уранија се одржува свеченост на која Охридската академија на хуманизмот ја доделува Светската награда за хуманизам. Годинава добитник на ова престижно признание беше Светлана Мојсов.

Светлана Мојсов е 19-та по ред добитничка на ова престижно признание, а втора од Македонија по академик Георги Старделов. Мојсов е професор на универзитетот Рокфелер во САД. Таа има огромен придонес во современата македонска медицина, особено за нејзините структурални биохемиски откритија и ендокринолошки достигнувања во развивањето на ефективни лекарства за справување со дијабетесот и дебелината како и за ублажување на асоцијативни форми на патологии.

- Општина Охрид преку Програмата за култура започна да го реализира проектот –„Да ги овековечиме вредностите“. Целта на проектот е сликање мурали на истакнати охридски деjци, кои оставиле трага во охридската и македонската меморија. Согласно предвидениот буџет, проектот започна со цртање на ликот на Григор С. Прличев. Муралот е нацртан на западниот ѕид на НУ Библиотека Григор Прличев во непосредна близина на НУЦК Григор Прличев – двете институции кои го носат неговото име. Муралот е дело на академскиот уметник Горан Ристоски.
- Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ оваа година на Општина Охрид, на градоначалникот Кирил Пецаков и на претседателот на Советот на Општина Охрид, Перчо Божиновски им додели благодарници „Синергии“, како лична и институционална благодарност за драгоцената поддршка и афирмација на македонистиката.
- Општина Охрид, за прв пат го спроведе проектот наменет за намјмладите охриѓанчиња, посетителите и туристите од 6 до 12 години под мотото Културата расте со децата.
- Овој проект наиде на големо воодушевување кај децата и беше прифатен како нешто кое ја надополни празнината во културни активности за најмладите.
- Целта на проектот беше создавање навика за посета на театар, концерти, вклучување на најмладите во културниот живот во Охрид..
- Концептот на проектот беше секој петок да има културна програма наменета за најмладите од сите дејности на култура.
- Во рамките на проектот кој се одржуваше на отворените сцени во Охрид се одржаа следните настани.

# ПОЕТСКА НОЌ ВО ВЕЛЕСТОВО

Со пригодна свеченост, во селото Велестово годинава се одржа 37 –то издание на „Поетската ноќ во Велестово“

Манифестацијата се реализира со поддршка на Општина Охрид . Во рамки на програмата беше претставен портрет на Андреј Ал Асади, млад поет кој со своето досегашно творештво заседе видно место во современата македонска поезија.

Потоа се одржа поетско читање на гостите од странство Рошин Кели од Ирска, Фарид Хусеин од Азербејџан, Рената Јамбрешиќ Кирин од Хрватска, Мирослав Кирин од Хрватска, Поли Муканова од Бугарија и Анисија Ангел од Романија.

Годинава настапи музичкиот уметник Игор Климовски, а беше отворена и изложба на слики од Стефан Младеновски.
Во рамките на манифестацијата промовирани книгите „Зебрано“ од хрватскиот поет Мирослав Кирин и „Како сон“ од Фарид Хусеин






# OHRID WINE FESTIVAL

Под покровителство на Општина Охрид четврта година по ред се одржува Ohrid wine festival.

Фестивалот добива традиционален карактер, а бројот на посетители од година во година расте.

На задоволство на публиката во неколкудневните фестивалски ноќи настапуваат видни имиња од естрадата. Годинава настапија Тамара Тодеска, Brass brothers, Backdoor band и DJ Gec, „Куку Леле“, Дац и Александар, „Пауза за ракија“, DJ Nasty и Urban planet, Влатко Лозановски, „Ареа“, „Камелеон“ и DJ Jana.

Во четирите фестивалски изданија забавниот дел беше надополнет со дегустација на македонски вина и вкусна храна.



















# ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ




Изминатите четири години Охрид ја потврди својата позиција како една од најпривлечните дестинации во регионот и оствари исклучително успешни туристички сезони. Зголемениот број на туристи не само што придонесе за економскиот развој на градот туку и создаде повеќе можност за креирање на нови содржини кои се интересни за посетителите.

Локалниот економски развој е клучен за подобрување на квалитетот на живот и затоа имаме континуирана соработка со бизнис секторот. Можеме да се пофалиме дека благодарение на локалната самоуправа, во Охрид инвестираа и започнаа со работа две странски фирми кои имаат повеќе од 100 вработени.

### СУБВЕНЦИОНИОРАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИ

Секторот за ТЛЕР редовно реализира мерки за субвенционирање на одредена категорија занаетчии. Во изминатиот период субвенционирани беа 14 занаетчии.

Вкупната вредност на проектот е 800.000 ден.

### АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ОПШТИНА ОХРИД

Оваа платформа е направена преку потпишување на Декларација за учество од страна на градоначалникот на општина Охрид и иницијативата за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на општина Охрид. За овие активности по спроведена согласна и законска процедура, изготвени и потпишани се договори од кои еден веќе е реализиран.



# АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД НА ОПШТИНА ОХРИД

Со оваа активност се одржаа серија стручни обуки кои се реализираа во соработка со ОЈУ ОГС „Кузман Шапкарев“ со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Во изминатите 4 години беа одржани серија стручни обуки, со цел, стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации. За оваа намена се реализирани 1.460.000,00 ден.

Согласно правилникот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со Анализата на визуелнолто оптеретување на градот Охрид, изработени и монтирани се рекламни табли за огласување на просторниот опфат кај:

- Плоштадот пред црквата Св. Софија
- ул. „Коста Абраш до плоштадот Св. Климент Охридски
- ул. „Цар Самоил“ до плоштадот Св. Климент Охридски.
- Во 2022 година Општината субвенционира набавка на велосипеди за 77 лица жители на Охрид со вкупен буџет од 380. 551 ден.
- Имплементација на проектот „ Roads not taken: municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative којшто е во рамки на програмата„ EU for Municipalities“ со вкупна вредност од 716. 724,88 евра
- Имплементација на проектот „Развој на спортски туризам- изградба на вежбалиште за голф“- Проектот е реализиран со средства од Министерството за локална самоуправа.
- Во текот на 2021г. започна имплементацијата на проектот „Ohrid go“ , вредноста на проектот е 716.766 ден
- Се воспостави туристички информативен центар-
- Ажурирање на туристички промотивен материјал за градот Охкрид
- Изградба на вежбалиште за голф и набавка на опрема.
- Во периодот од ноември 2022 до ноември 2023 преку микро проекти реализирани се:
- Изработка на стасиди во длабока резба во црквата Св. Георгиј во вредност од 120.000 ден. Носител на проектот е Здружението Добротољубие 2014 при црквата Св. Георги- Охрид
- Реконструкција на спортското игралиште во с. Лескоец. Вредноста на проектот е 106.500 ден, а носител е Здружението Спасовден 2012.
- „Инфраструктурно доуредување за подобрување на животниот стандард и намалување на опасноста при движење на жителите и посетителите на населба Рача„. Вредноста на проектот е Еколошко друштво „Грашница“, а вредноста е 46. 500 ден.
- „Визуелно креативен град“. Носител на проектот е Институт за традиционални вредности- Здружение за култура и соживот со природата, а неговата вредност е во износ од 59.500 ден.

# СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ МИКРОПРОЕКТИ

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР

- Изработка на влезна врата во црквата Успение на Пресвета Богородица- Каменско во износ од 100.000 ден.
- Здружение на граѓани „Нова порта“- Охрид. Изработка1 на Е брошура „Прекрасни, но помалку познати цркви во Охрид“ во износ од 30.000 ден.
- Здружение за подобрување на квалитетот на живот МЗ Коњско- с. Коњско – „Потребни материјали за водовод во с. Горно Коњско“. Износ 115. 000 ден.
- Здружение за промоција на хуманитарни, културни, образовни и еколошки вредности Синан Челеби Охрид- „Минатото е богатство на еден народ“. Износ на проектот 106.700 ден. Вкупната вредност на четирите проектите е 351.000 ден.
- Културно уметничко друштво: КУД Фаланга село Лескоец- Охрид, „Вечер на јаготка“. Вредност на проектот 63.760 ден.
- Здружение Доброторубие 2014 при црквата Свети Георги- Охрид- „Изработка на стасиди во длабока резба„- 120.000 ден.
- Нуркачки Центар Амфора - „ Флората во изворите Св. Наум – 60.000 ден.
- Здружение за истражување и заштита на пештери СПИРИДОН СПЕЛЕО- Охрид, „Прелиминарна карстолошка евалуација на пештера Козја дупка“- с. Куратица во вредност од 98.580 ден.
- Здужение АВТО Мото КЛУБ ОФФ РОУД ЛИХНИД Охрид- „Промоција на туризам во Охрид. Атрактивни ОФФ роуд тури низ терените на планината Галичица“- 66. 000 ден.
- ЕДЕН- Туристички кластер на југозападен плански регион- „Вкуси го Охрид локално. 90. 890 ден.
- Вкупно одобрени и во фаза на реализација 499.230 ден.

Општина Охрид во континуитет ја стимулира партиципативноста на локалното население преку поддршка на микропроекти што претставува ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи кои истовремено се поддржани и од месните заедници.
Преку оваа активност, поддржани се следниве организации и проектни идеи:

- Здружение за интеграција и развој АРТ ПРИЈАТЕЛИ Охрид – “Заштита и спасување на Боровата шума во Охрид“ - износ: 120.000,00 ден. Целта на проектот е заштита на боровата шума, подигање на свеста за заштита на шумите и заштита и мониторинг на шумскиот биодиверзитет.
- Здружение на граѓани Доброторубие 2014 при црквата Свети Георгиј-Охрид - ”Изработка на рамка за плаштаница и целивална во длабока резба за црквата Успение на Пресвета Богородица - Каменско” – износ: 152.000,00 ден. Целта на овој проект е да се одржи континуитетот во создавањето на автентични духовни вредности, по кои Охрид е познат во светот, е обврска и кон нашите предци, но и кон идните генерации. За таа цел се изработи рамка за плаштаница и целивална во длабока резба. Вавите активности се во насокана поддршка и промоција на верскиот туризам.
- Здружение МЕЧ РЕЈС КЛУБ – Охрид – „Расчистување и конструирање на пешачка патека на конкретна локација во населба Рача“ - износ: 162.000,00ден. Целта на проектот е да се овозможи безбедност на пешаците кои ја користат патеката за движење, жителите и посетителите на населбата Рача.
- Здружение за организација на фестивали, културни, спортски и хуманитарни активности СПАСОВДЕН 2012-Охрид – „СЕНКА“ - износ: 127.420,00 ден. Со изградба на летниковец во село Лескоец ќе се подобрат условите за живот на локалното население.
- Здружение за организирање културни, спортски и хуманитарни активности ВОВЕДЕНИЕ 2014 – „СВЕТО А НАШЕ“ - износ: 180.000,00 ден. Кровната конструкција е поставена во делот на црквата “Успение на Пресвета Богородица” во село Завој и целта е да придонесе кон содравање на услови за поддршка на рурален и верски туризам.
- Здружение на Конвивиум СЛОУ Фуд Лихнидос Охрид – “Вкуси го Охрид локално” – износ: 71.995,00 ден. Целта на организирање Саем на производители на традиционални производи и храна е да се зајакне локалниот економски развој и туризмот, преку активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на физички лица производители на локални производи и поттикнување на брендирање на производи.
- Зачувување и историска промоција на колективната меморија- сеќавањето на луѓето од селото Куратица – Здружение на граѓани Св. Василиј, с.Куратица 168.000,00 ден.
- Сенка – Здружение Спасовден 2012 Охрид 127.420,00 ден.
- Подобрување на безбедноста на планината Галичица и стимулирање на туризмот преку инфраструктурни подобрувања – Здружение за спортови во природата Топ Адвенчрс Охрид 70.000,00 ден.
- Вкуси го Охрид локално – Здружение на Конвивиум СЛОУ Фуд Лихнидос Охрид 71.995,00 ден.





## ПРОЕКТ “ОХРИД ГО”

Проект „Охрид Го“ финансиран од Европска Унија во рамки на ИНТЕРРЕГ од програмата ЕУ за општините во рамки на кој се реализирани следните активности:

Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење.

Паркот е нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители како млади парови, семејства со мали или големи деца, семејни собири, тим билдинзи, роденденски забави, странски посетители и посетители кои бараат уникатни спортски активности.

Паркот е направен според ЕУ стандардот EN15567 кој користи еден од најбезбедните системи за ваков тип на активности. Исто така, изградбата на паркот значи минимално влијание врз животната средина, а елементите што се користат главно се направени од дрво како одржлив ресурс, кое исто така е издржлив и квалитетен. Адреналинскиот парк е изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.

## ИЗГРАДБА НА PUMP TRACK ПОЛИГОН “OHRID GO DYNAMIC”

Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. Неговата форма овозможува забавна, но безбедна спортска активност.

На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично.

Иако полигонот овозможува изведување на разни трикови и акробации, истиот е безбеден и за најмладите корисници. Изграден е според европските стандарди за игралишта, следејќи ги европските безбедносни норми EN 1176, EN 1177, EN 15312 и EN 14974.

Со неговата изградба се збогатува туристичката понуда, како и добивање на ново рекреативна содржина за сите категории на посетители. Полигонот Pump Track е изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.



## SMART CITY BIKE SYSTEM “OHRID GO MOBILE” – ГРАДСКИ СИСТЕМ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ

Градскиот SMART систем за велосипеди ќе биде воспоставен со цел да ги реши предизвиците на урбаната микромобилност и да го подобри квалитетот на животот за жителите на градот.

Набавката  на велосипеди е целосно реализирана, и набавени се 25 е-велосипеди, 5 станици за велосипеди и 6 месечен платен период на лиценци за софтвер за системот за велосипеди. Доделени се на ЈП Билјанини извори за понатамошен менаџмент. Набавката изнесува 5.031.670,00 денари.

Набавка на 7 електрични возила за Стар Град - Набавката  на електрични возила е целосно реализирана, и набавени се 7 возила (1 со 2 седишта, 4 со 4 седишта и 2 со две седишта). Набавката изнесува, 26.981.629,00 денари.



## МОБИЛЕН БАР ВО РАМКИ НА СМАРТ ХАБ

Мобилен бар поставен во рамки на СМАРТ ХАБ во комплексот стара касарна со цел зголемување на туристичката понуда во склоп на адреналинскиот парк.



## ДОНЕСЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ОПШТИНА ОХРИД 2024-2029.

По основањето на Советот за женско претприенииштво во февруари 2023 година, општина Охрид е прва општина во регионот која изработи и усвои Стратегија за развој на женско претприемништво во општина Охрид 2024-2029.

Општина Охрид во рамки на проектот финасиран од Европската унија „Национална платформа за женско претприемништво“ преку секторот за туризам и локален економски развој иницира и поддржа креирање на документ за развој на локални политики од областа на женско претприемништво.

Стратегијата за развој на женско претприемништво е документ кој е усогласен со веќе усвоените национални политики за поддршка и развој на женското претприемништво и произлезе како резултат на континуираните заложби на општина Охрид за креирање на мерки и активности кои би довеле по поголема вклученост на жените на пазарот на трудот.

Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Општина Охрид има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија во општината.

## „АНАЛИЗАТА НА ВИЗУЕЛНОТО ОПТЕРЕТУВАЊЕ НА ГРАДОТ“ – УНИФИКАЦИЈА НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Општина Охрид започна процес на унификација на урбаната опрема преку изработка и монтажа на 74 рекламнми табли за огласување наменети за угостителски објекти, занаетчиски работилници, сместувачки капацитети и други субјекти што обавуваат туристичка и услужна дејност во Стариот дел на Охрид,поточно на просторниот опфат кој ја опфаќа следната територија:

1. Плоштадот пред црквата Св.Софија,
2. Улицата Коста Абраш до плоштадот Св. Климент Охридски и
3. Улицата Цар Самоил до плоштадот Св. Климент Охридски.

Процесот на унификација продолжува долж охрдиската чаршија каде во првата фаза се поставени 40 рекламни табли.








## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТУРИЗАМ

- Здружение Св. Василиј- село Куратица – ревитализација и обележување на пешачки патеки, заштита на постоечката инфраструктура и вмрежување на локалните целни групи преку креирање на нови туристички производи и услуги- износ 148.210 ден.
- Здружение за заштита и оддржлив развој на животната средина Регионален зелен центар Охрид- Виртуелна реконструкција и изработка на макета на римската гробница од „Видобишта“ во Охрид во износ од 112.000 денари.
- Нуркачки центар „Амфора“- Подводни културно- историски знаменитости во Охридското Езеро во износ од 93.790. ден..
- Институт за традиционални вредности- Здружение за култура и соживот со природата- Охрид – „Визуелно Креативен град“ во износ од 81. 500 ден
- Вредноста на овие 4-ри проекти е 435.500 ден.
- Здружение за организација на фестивали, културни, спортски и хумани и хуманитарни активности СПАСОВДЕН 2012- с. Лескоец. Проект „Реконструкција на спортско игралиште во село Лескоец“ во износ од 106.700 ден
- Здружение за рурален туризам екологија и традиција ОРТЕТ село Куратица, Проект „Набавка и монтажа на водомери за селски домаќинства“ во вредност од 125. 970 ден.
- Здружение на граѓани Св. Василиј во с. Куратица- Проект „Уредување на јавните селски тоалети“ во износ од 100.800 ден.
- Здружение за развој и унапредување на културата, екологијата и туризмот „Нова порта“. Проект „Охрид низ легендите“ во износ од 10. 700 ден.
- Институт за традиционални вредности- здруќение за култура и соживот со природата. Проект „Визуелно креативен град 2“ во износ од 59. 500 ден.
- Еколошко друштво „Грашница“. Проект „Инфраструктурно доуредување за подобрување на животниот стандарс и намалување на опасноста при движење на жителите и посетителите на населба Рача“ во износ од 46.500 ден.
- Вкупно одобрени и во фаза на реализација 450. 170 ден.
- Вкупно одобрени и во фаза на реализација се 949.400 денари.
















Taste life!

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработката претставува значајна компонента на стратегијата за развој на Општина Охрид. Во четригодишниот мандат, градоначалникот Кирил Пецаков оствари протоколарни и работни средби со високи претставници од дипломатскиот кор, амбасадори, конзули, комесари.
Целта од ваквите средби е добивање меѓународна помош, вклучување во активности на глобален план и подготовка за подобро соочување со идните предизвици. Охрид постојано одржува врски со збратимени градови, а се збратимува и со нови. Градоначалникот присуствуваше на светски познати собири, симпозиуми и конференции.



„Реал Експо“ во Сараево


Меморандум за соработка со Пула



Форумот на градоначалници - Женева


Чествувања за д-р Анастас Коцарев - Париз


Средба со ЕУ амбасадорот Михалис Рокас


Средба со американскиот амбасадор Анџела Агелер


Средба со јапонскиот амбасадор Оцука Казуја


Средба со црногорскиот амбасадор Зоран Миљаниќ


Средба со турскиот амбасадор Фатих Улусој


Средба со британскиот амбасадор Метју Лосон




Средба со полскиот амбасадор Кшиштоф Гжелчик


Средба со унгарскиот амбасадор Андраш Клајн


Средба со австрискиот амбасадор Мартин Памер


Отворен почесен Конзулат на Р.Србија во Охрид



Средба со шпанскиот амбасадор Рафаел Сориано Ортиз



Средба со австралискиот амбасадор Питер Трасвел



Средба со францускиот амбасадор Сирил Бомгартнер



Средба со италијанскиот амбасадор Паоло Палминтери



Средба со ирскиот амбасадор Брендан Вард

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Бевме посветни на осовременување на работењето на јавните претпријатија и подобрување на услугите кои се обезбедуваат за граѓаните, па затоа набавивме 5 нови комунални возила со специјална опрема наменета за јавните претпријатија „Охридски Комуналец", „Водовод" и „Нискоградба". Искрено се радувам што сите јавни претпријатија работат успешно и се посветени на приоритетните потреби на граѓаните. Верувам дека заедно со менаџерските тимови на претпријатијата, со кои имаме одлична соработка ќе оствариме уште поголеми успеси во иднина.



- Преку проектот „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема" што Општина Охрид го реализира во партнерство со Центарот за развој на Југозападниот плански регион набавени се најсовремени трактори , за потребите на ЈП „Охридски Комуналец", ЈП „Нискоградба" и ЈП „Водовод". Вредноста на проектот е 7.487.238 ден.
- Преку GGP Програмата на Амбасадата на Јапонија со предлог проектот „Проект за обезбедување на Општина Охрид со комунално возило ( The project for Providing Sewage Cleaning Vehicle in Municipality of Ohrid) набавено е комбе марка Фургон со агрегати за чистење на канализација во товарен простор. Возилото го користи ЈП „Нискоградба". Вредноста на возилото е 60.640 евра без ДДВ, средства обезбедени од Јапонска амбасада.





# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

ЈП „Охридски комуналец“ посветено работи на јавната чистота во градот со одговорно и домаќинско работење. Во мандатот на градоначалникот Кирил Пецаков реализирани се бројни проекти. Реализирани се голем број редовни и вонредни активности.

Реализирана акција за чистење на делот покрај коловозните ленти на патниот правец Охрид-Свети Наум од расфрлан ситен комунален и тешко разградлив отпад (лименки, пластична и картонска амбалажа и др) (април 2025).

- Согласно Програмата за работа, во пролетниот период се интензивираа активностите за генерално чистење и миење на коловозите, тротоарите и други јавни површини во поширокото градско подрачје како и расчистување на крајбрежниот појас од градскиот кеј, во близина на Холандски Парк со специјална механизација, а потоа машинско миење на кејот на оваа локација;
- Екипите на Ј.П.„Охридски Комуналец“ учествуваа во акцијата која ја организираа ТАВ Македонија и подружницата ТАВ аеродроми Охрид, за садење на дрва со припрема на теренот на пешачката патека од плажата „Куба Либре“ до Горица (декември 2024).
- Ј.П. „Охридски Комуналец“ кака дел од координативното тело за организација на празнувањата и активностите поврзани со големиот христијански празник Богојавление-Водици, логистички се вклучи во акцијата од Клубот за подводни дејности „Охрид“ кои го чистеа дното на Охридското Езеро кај градското пристаниште.Од дното на езерото нуркачите подигнаа поголема количина најразличен цврст отпад кој претставуваше опасност за капачите, а комунални екипи со несебичен ангажман го подигнаа.
-Се приклучивме на акцијата „Генералка Викенд" каде се чистеше потегот од плажа после х.Метропол до нас. Лагадин, просторот околу Горна Порта и плажа Грашница. На овој начин заедно со сите активисти, правни субјекти и граѓански организации вклучени во акцијата, дадовме пример дека сите заедно сме одговорни за подигнување на еколошката свест за поубава животна средина која не' опкружува (мај 2025);
-Се спроведоа повеќе акции за машинско и рачно чистење на чаршијата и други фреквентни локации.Се спроведе темелно миење и метење на плоштадот во близина на ООМУ „Методи Патче“.
- Согласно законските обврски кои ги има Ј.П.„Охридски Комуналец" околу одржувањето на јавните површини во зимски услови и „Програмата за зимско одржување на територијата на општина Охрид" во повеќе наврати се интервенираше во зимски услови и при снежни врнежи. Пред официјалниот старт на зимската сезона во овие четири години се депонирани вреќи со сол и ризла на повеќе пунктови во градот. Со овие активности се обезбедени мерки за брза интервенција во услови на снег и голомразица за да се овозможи непречено движење на граѓаните и возилата во стариот дел од градот. Поради специфичноста на теренот, тесни и стрмни улици и сокачиња, стариот дел од градот е во приоритетната група за интервенција во зимски услови.

Заради снежни врнежи се интервенираше во месец декември 2024 год., јануари 2025 год и април 2025 година. За непречено движење на пешаците се чистеа и посипуваа со абразивни средства најфреквентните јавни површини како и локациите околу објектите од витално значење: градинки и други образовни институции, здравствените објекти, општествени институции, пешачки премини, чаршијата, уличките во стариот дел од градот, Мостот на желбите, тротоари, а потоа и поширокото градско подрачје. Со специјална механизација се интервенираше и по коловозите, а посебен акцент се ставаше на повисоките места во градот и приградските населби. Екипите на Паркови и зеленило интервенираа во повеќе наврати во ситуации каде влажниот снег предизвика проблеми и оштетувања на дрвја и гранки на повеќе локации. Снежната покривка се расчистуваше според приоритет: населени места кои гравитираат на повисоки места, главни сообраќајници и пешачки зони (Стар Град, населба Гоце Делчев - Бараки, села Велестово, Елшани и Горно Коњско и главни сообраќајници) со мобилизација на дежурните екипи и целокупната расположлива механизација.

Претпријатието беше вклучено во голем број активности поврзани со одржување на јавната чистота и зеленило на локациите каде се реализираат свечености и настани: јубилеј 80 години слободен Охрид, 8- ми Декември - Денот на Св. Климент Охридски, пред и по новогодишните празници, Богојавление-Водици 2025, чествувањата за Григор Прличев, велигденски празници, Денот на сесловенските Просветители- светите браќа Кирил и Методиј и спортската манифестација „Охрид трчат".

Во прилог преглед на реализација на Програмата за јавна чистота за периодот од 1-ви ноември 2024 год. до 31-ви мај 2025 год.

Во делот од услужна хигиена, се врши собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, собирање, подигање, транспортирање и депонирање на друг вид

ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1-ВИ НОЕМВРИ 2023 ГОД. ДО 30-ТИ СЕПТЕМВРИ 2024 ГОД.

| МЕСЕЦ | Износ денари со ДДВ | Износ денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Ноември 2023 | 1.125.553,00 | 1.069.275,00 |
| Декември 2023 | 1.125.553,00 | 1.069.275,00 |
| Јануари 2024 | 1.016.355,00 | 965.537,00 |
| Февруари 2024 | 656.562,00 | 623.734,00 |
| Март 2024 | 1.016.355,00 | 965.537,00 |
| Април 2024 | 1.001.188,00 | 951.129,00 |
| Мај 2024 | 1.014.255,00 | 963.542,00 |
| Јуни 2024 | 1.002.238,00 | 952.126,00 |
| Јули 2024 | 1.039.455,00 | 987.482,00 |
| Август 2024 | 1.048.905,00 | 996.460,00 |
| Септември 2024 | 1.003.288,00 | 953.124,00 |
| **Вкупно:** | **11.049.707,00** | **10.497.221,00** |

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

неопасен отпад, уништување на царинска и друга роба, одржување на депонија „Буково” и депонија за градежен шут „Мауцкер”. Услужната хигиена се одржува на подрачјето на град Охрид, викенд-населбите и селата Љубаништа, Трпејца, Пештани, Елшани, Елешец, Лагадин, Коњско, нас.Исток, нас.Св.Стефан, Рача, Велестово, Велгошти, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Лескоец, Косел, Ливоишта, Опеница, Вапила, Куратица, Орман, нас.Чекоштина, нас. Андон Дуков и Подмоље или вкупно 99% од населените места во општина Охрид.

Според анализите и извештаите за собраните количества отпад , во периодот 01.11.2024 год.-31.05.2025 год. се подигнати следните количини отпад од територијата на општина
- За надминување на проблемите со старите специјални возила, Ј.П.„Охридски Комуналец” изврши набавка на две половни специјални возила-камиони за подигнување комунален отпад со капацитет од 20m3.
- Во периодот од 31.10.2024 год. до 01.06.2025 год.. се реализираа 5 акции за подигнување кабаст и зелен отпад на територијата на општина Охрид согласно Календарот за 2024 година и Календарот за 2025 година.
- Ј.П.„Охридски Комуналец” во соработка со Општина Охрид во месец декември 2024 год. започна со дистрибуција на 120 литарски садови за депонирање на селектиран отпад и тоа 600 садови (жолти) за депонирање отпад од пластика и 600 садови (сини) за депонирање отпад од хартија за домаќинства од улиците: „Будва”, „Винковачка”, „Прилепска” и дел од ул.„Железничка” (потег од кружна сообраќајница на ул.„Железничка” пресек со ул.„Егејска” до сообраќајната клучка на влезот од Охрид- петља).Садовите за депонирање селектиран отпад од пластика и хартија, вкупно 1.200 садови, се донација од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Покрај тоа, министерството донира и 56 контејнери со капацитет 1,1 м3 чија намена е депонирање на селектиран отпад од хартија и пластика и истите се поставени на фреквентни локации во градот.Придобивките од оваа донација се повеќекратни: селекцијата и рециклирањето на отпадот се најдобар начин да се зачува животната средина, се намалува потрошувачката на нови суровини, се намалува користењето на енергијата, се намалува загадувањето на воздухот и водата, а од друга страна неговата реупотреба продуцира профит и намалување на количествата на отпад кои завршуваат на депонија. Во месец февруари 2025 год. се продолжи со реализација на проектот за селектирање на отпадот, со проширување на опфатот на покриеност на услугата за домаќинства од улиците „Крали Марко” и „8-ми Март” .
- На ден 15.03.2025 год. (сабота) се започна со подигнување на селектиран отпад (хартија и картон и пластика ) од улиците: „Будва”, „Винковачка”, „Прилепска”, „Железничка” , „Крали Марко” и „8-ми Март” согласно КАЛЕНДАР ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ОТПАД ОД ПЛАСТИКА И ХАРТИЈА ОД КАНТИТЕ ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА 2025 - редовно се подигнува селектиран отпад (хартија и картон, пластика ) од улиците: „Будва”, „Винковачка”, „Прилепска”, „Железничка”, „Крали Марко” и „8-ми Март”, улици на кои, претходно на граѓаните им беа доделени жолти садови за селектирање пластика и сини садови за селектирање хартија и картон. Почнувајќи од месец мај 2025 година заради почетокот на туристичката сезона, подигнувањето наместо во сабота се врши секој втор петок во месецот.
-Министерството за животна средина изготви промотивни видеа за заштита на животната средина и начинот на рециклирање на комунален отпад, а во соработка со општина Охрид и Ј.П.„Охридски Комуналец”. На овој начин, со споделување на видеата за правилно селектирање на комуналниот отпад дејствуваме во едукација и подигнување на еко-свеста кај населението зошто тоа е првиот чекор кој треба да го направиме:

„ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА ЗАПОЧНУВА ОД ТЕБЕ”.

-И покрај редовните редовни акции според годишниот календар, кои на транспарентен начин навремено се објавуваат за полесно да допрат до граѓаните од секоја урбана заедница, претпријатието секојдневно е соочено со расфрлање на отпад и создавање мини депонии во секое урбано катче.
-Реализирани голем број вонредни акции за подигање зелен и кабаст отпад: населби Даљан, Воска, Охридати, локалитет Лабино, улици: „АСНОМ“, „Галичица“, „Кленоец“, „Марко Несторовски“, „Ристо Чадо“, потоа села: Трпејца, Љубаништа, Пештани, Лагадин и многу други.
- Мапирани се три локации со несоодветно депониран зелен отпад и автомобилски гуми на улици: „Кленоец”, „Марко Несторовски” и „Ристо Чадо”, каде при расчистувањето е ангажирана специјална механизација; Подигнати се 28м3 зелен отпад.
- Подигнат кабаст и зелен отпад од мапирани диви депонии во с.Подмоље; За расчистување на локациите ангажирана е специјална механизација и подигнати се 23 м3 отпад
- Мапирани 5 (пет) диви депонии на следните локации: ул.„Гоце Делчев”, населби Воска и Даљан и локалитет Лабино. Подигнати се 22 м3 кабаст и зелен отпад и градежен шут.
- Во координирана заедничка акција со Н.П.Галичица и волонтери - месно население и членови од Здружението на љубители и подржувачи на Н.П. Галичица, се расчистија мапираните диви депонии на три локации во с.Трпејца; Со вонреден ангажман на сите

| МЕСЕЦ | Износ денари со ДДВ | Износ денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Ноември 2024 | 1.076.998,00 | 1.025.712,00 |
| Декември 2024 | 1.084.815,00 | 1.033.157,00 |
| Јануари 2025 | 1.138.208,00 | 1.084.008,00 |
| Февруари 2025 | 1.058.055,00 | 1.007.671,00 |
| Март 2025 | 1.089.908,00 | 1.038.008,00 |
| Април 2025 | 1.130.705,00 | 1.076,862,00 |
| Мај 2025 | 1.210.868,00 | 1.153.208,00 |
| Вкупно: | 7.789.577,00 | 7.418.626,00 |

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

учесници во оваа акција беа подигнати 22 м3 отпад, каде најзастапен беше кабаст отпад (февруари 2025 год.).
- На повеќе локации во поширокото градско подрачје мапирани се 11 диви депонии, каде несовесни граѓани на несоодветен начин го депонирале отпадот и со својот деструктивен чин ја загрозиле околината;Во акцијата за расчистување подигнати се 24 м3 кабаст и зелен отпад, а во расчистувањето ангажирана е и специјална механизација (трактори и багер); Најалармантна беше состојбата кај станбен комплекс Даљан и на дел од локалитетот Лабино.
- Пред големиот верски празник Велигден, ангажирана беше целокупната расположлива механизација и човечки ресурси на ЈП „Охридски Комуналец“, во расчистување на диви депонии во Охрид и приградските населби. Мапирани беа 9 поголеми диви депонии и 14 помали, повторно создадени од несовесни граѓани, кои со својот деградирачки однос кон природата, оставаат негативен импакт кон сите нас кои живееме во Охрид и кон сите туристи кои не заслужуваат да ги гледаат овие слики. Во поширокото подрачје на Охрид, населбите, Свети Стефан, Лагадин, Пештани, Љубаништа па се до Свети Наум, се расчистени голем број диви депонии од каде се подигнати 102 м3 отпад (кабаст, зелен, градежен шут и друго.
- Во вонредна акција, од нови мапирани диви депонии во населби Даљан, УЛ.АСНОМ и ул. Галичица подигнати се 32 м3 кабаст и зелен отпад.
- Во поглед на одржувањето на јавното зеленило, реализирани се голем број редовни и вонредни активности.
- Започнаа активности за отстранување на цветниот расад кој ги украсуваше зелените површини и припрема на леите за засадување на новата цветна реколта. Се започна со оплеменување на јавните зелени површини во градот и околината со засадување на цветниот материјал viola (очиња) од сопствено производство (вкупно 30.000 цветен расад од ноември 2024 год.). Овој цветен саден материјал е издржлив и отпорен на ниски температури па ги разубавува парковите со своите интензивни бои во доцниот есенски период, зимскиот период, се` до напролет. Засадувањето се одвиваше етапно, прво се опфати центарот на градот со градскиот парк, па пешачките патеки до Горица и покрај каналот Студенчишта, кружните сообраќајници, па потоа периферните делови од градот.
- На повеќе локации во градот, по претходно добиени решенија од Општина Охрид, се отстранија дрвја и гранки кај кои не постоеше можност за санирање заради надмината физиолошка и биолошка возраст, потоа заради физички оштетувања и заболени дрва.
- Претпријатието се вклучи во акцијата која ја организираше иницијативата „Збогум Буково“ по повод Денот на жената 8-ми Март, за садење 100 дрва од видот чинар и јавор, на просторот околу каналот Студенчишта.
- Се заврши со хортикултурното уредување на ул.„7-ми Ноември“ каде беше нанесена плодна



земја, засадена трева , засадени 15 јавори и 38 пампаси.
- Во периодот од 31.10.2024 год. до 01.06.2025 год.. се реализираа активности за кроење на крошните од дрворедот кај канал Студенчишта (брези), ул. „Македонија“, градски парк, ул.„Живко Чинго“ и оштетени дрвја од дрворед по Булевар Туристичка, како и тековно одржување на дрворедот по ул.„Македонски Просветители“ и дрворедот по пешачка патека до Горица. Се шишаа декоративните садници и грмушки, се вршеше окопување, прашење и кроење на парковските содржини и засадување на цветен расад; Тековно одржување на хортикултурните содржини во делот меѓу двете сообраќајни ленти ул.„Македонски Просветители“.
- На пешачката патека до Горица засадени се 9 дрвја од видот каталпа, 7 брези во градски парк и 3 чинари на ул. „Булевар Туристичка“.
- Пред големиот христијански празник Велигден, дрвјата и украсните садници во градскиот парк беа соодветно украсени (април 2025 год.).
- Се уреди градскиот парк, кружната сообраќајница на градски плоштад и хортикултурните содржини на градски плоштад со замена и надополнување на декоративен камен околу садниците.
- Во текот на пролетниот период се извршуваше машинско косење во градскиот парк, ул.”Јане Сандански”, ул.„Булевар Туристичка”, кружен тек на ул.„Железничка”, ул.„15ти Корпус” и пешачка патека Горица, полевање, прашење, плевење дрвореди, грмушки и трева во паркот Мазија, копање, припрема со фрезирање, ѓубрење и садење сезонско цвеќе од сопствено производство од расадник во Градскиот парк, одржување дрвореди, жардињери, грмушки околу кружните текови и нивна прихрана и наводнување, косење и одржување на форми од зеленило, кроење и одржување на трендафили, плевење и одржување на зеленило на ул. „Македонски Просветители“. Се вршеше припрема на сезонско цвеќе 30.000 парчиња расад (џунџуле, салвија и импатиенс) во одделение Расадник за пресадување во градскиот парк, чистење и косење на детски игралишта, косење и чистење на местото Петља од обрасната вегетација, редовна контрола на Чинарите и нивно прихранување, секојдневно наводнување на градскиот парк и одржување на парковската механизација.Косење и чистење обрасната вегетација од населба Рача до Св.Стефан, населба Бараки, Видобишта, Христо Узунов, Охридати, Билјанини Извори, Коњско, населба Исток, село Пештани, Трпејца, Елшани, Велгошти, Орман и градските плажи.

| МЕСЕЦ | Износ денари со ДДВ | Износ денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Ноември 2024 | 966.421,00 | 823.361,00 |
| Декември 2024 | 1.099.520,00 | 936.157,00 |
| Јануари 2025 | 302.000,00 | 263.780,00 |
| Февруари 2025 | 610.798,00 | 521.986,00 |
| Март 2025 | 688.810,00 | 589.841,00 |
| Април 2025 | 818.728,00 | 699.941,00 |
| Мај 2025 | 1.286.479,00 | 1.099.392,00 |
| **Вкупно:** | **5.772.756,00** | **4.934.458,00** |

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

Во прилог преглед на реализација на Програмата за јавно зеленило за периодот од 1-ви ноември 2024 год. до 31-ви мај 2025 год.
Во мандатот на градоначалникот Пецаков се воведе дежурен телефон од 07: 00 до 21 часот за пријавување несоодветно депониран отпад и создавање мини депонии. Започната е соработка со невладини организации и еколошки организации. Се потпиша Меморандум за соработка со националниот парк „Галичица“. Набавен е нов контејнер за цела Галичка општина од с. Рамне до с. Љубаништа со капацитет од 8 кубици ѓубре. Расчистен е одводен канал во с. Велгошти. Подигнат е над 7 843 метри кубни кабаст отпад или 845 мали депонии и 36 големи депонии. Воведена е 24 часовна чуварска служба на депонијата Буково.
Набавени се 200 нови пластични контејнери од 1 100 литри со рамен капак. Поставени се 10 контејнери за електричен и електронски отпад и отпадни батерии на територијата на Општина Охрид.
Претпријатието во изминатиов период донираше 226 кубици огревно дрво на 77 семејства, дониран е цветен расад, а градот се разубави со 80.000 садници сезонско цвеќе. Само изминатово лето се посадени 2 300 садници, 4 000 цвеќа и 96 украсни дрвја. Во дворот на општината се засадени 200 хризантеми.

Претпријатието успешно го решава проблемот со кучињата скитници со ангажирање на економскиот оператор.
Работната Единица Механизација при ЈП „Охридски Комуналец“ е осветлена со 10 рефлектори, а поставени се 16 камери. Во рамки на проектот „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на на опрема“, претпријатието се стекна со нова опрема за чистење снег. Обезбедена е HTZ опрема за сите вработени , намалена е потрошувачката за гориво, енормно се намали набавката за резервни делови за механизација, а трошковите за репрезентација се сведени на минимум. Поставена е и нова водоводна мрежа од просторот на дирекцијата на ЈП „Охридски Комуналец“.



# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“

ЈП “Градски Пазар” во мандатот на градоначалникот Кирил Пецаков, реализира низа активности и проекти. Меѓу нив ги издвојуваме:

- Санација на метална заштитна ограда на мулти-функционално игралиште при ООУ “Христо Узунов”- Охрид;
- Санација на метална заштитна ограда на ул. “Македонски Просветители”;
- Изработка на дрвена заштитна ограда за детско игралиште во с.Косел;
- Санација на метална заштитна ограда кај Црква “Св. Недела” и Дом на култура во с. Велгошти;
- Изведба на решетка на рачно корито во с. Велгошти (спрема црква “Св. Димитрија”);
- Санација на штитници на дрвореди на ул. “Д. Влахов” , ул,”Ј.Сандански”, Бул.”Македонски Просветители”, и фарбање клупи, терминали за велосипеди, летниковци и друго долж пешачките патеки: Канал Студенчишта -Хотел “Парк” и Канал “ Студенчишта” - “Билјанини Извори”;
- Изведба на заштитна дрвена ограда за детско игралиште на Бул. “Туристичка” (згр. Панасоник);
- Санација и фарбање на Мостот на желбите и санација и фарбање на дрвена заштитна ограда на пешачко рекративна патека “Кошишта-Канео-Лабино”;
- Изработка на дрвена заштитна ограда на детско игралиште во с. Велгошти;
- Тековно одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација на територијата на Општина Охрид;
- Санација на метална заштитна ограда на спортско игралиште во с. Велгошти;
- Изработка и поставување на сливна решетка во с. Велгошти;
- Санација на штитници на дрвореди на ул Д. Влахов,Ј. Сандански, Македонски Просветители,и фарбање клупи, терминали за велосипеди, летниковци и др. долж пешачките патеки Канал Студенчишта -Хотел Парк и Канал Студенчишта - Билјанини Извори;
- Фарбање и санација на клупи и друга урбана опрема на територијата на Општина Охрид;
- Санација и фарбање на мост и заштитна ограда на детско игралиште во с. Долно Лакочереј;
- Изведба на метална заштитна ограда на дел од у. Ирина Мирка Гинова во с. Велгошти;
- Изведба на влезна врата за магацин на Општина Охрид кај комплекс Касарна;
- Изработка на бокс за заштита на контејнери за отпад кај пешчко -ракреативната патека Котва-хотел Парк;
- Тековно одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација на територијата на Општина Охрид во тек;
- Изградба и реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште на Бул. Туристичка (бензинска пумпа Лукоил -Окта)
- Санација на рекреативна патека Мостот на желбите Кошишта-Канео-Лабино;
- Санација на рекреативна патека Студенчишта -Котва-Хотел Парк;



# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“

ЈП „Градски гробишта„ изминативе четири години беше вклучено во реализацијана низа инфраструктурни проекти во Охрид и охридските села. Во вој период екипи од претпријатието работеле на партерно уредување на 30 улици со вкупна вредност од 4.938.469. ден.
Уредени се шест спортски и детски игралишта во градов и околината. Се работеше на партерно уредување на дворовите од три охридски училишта. Со бехатон плочки се преуреди Плоштадот „Крушевска Република“, а санирани се и клупи, канти за отпадоци и друга урбана опрема на територијата на Општина Охрид. Уредено е и спомен обележјето на холандскиот писател А. Ден Долард. Вредноста на овие проекти е: 1,749.072 денари.
Периодов се реконструирани и потпорни ѕидови, оштетени делови од кејот во с. Пештани, поставени се бетонски столбчиња на неколку локации во градов, а уредено е и вечното почивалиште на д-р Елена и Владимир Кавај. Вредноста на проектите е 14, 107. 513 ден.



| РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД | | |
|---|---|---|
| **ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОПИС** | **ВРЕДНОСТ** |
| 11/2023 | Партерно уредување на дел од Булевар Наум Охридски кај х. Бетон | 13.688 ден. |
| 11/2023 | Изработка на детско игралиште во с. Косел и партерно уредување на просторот наменет за игралиштето | 140.833 ден. |
| 12/2023 | Партерно уредување на просторот наменет за повеќенаменско игралиште во дворот на ОУ Братство Единство – Крст Џамија | 126.496 ден. |
| 01/2024 | Партерно уредување на дел од улица Кирил и Методиј | 621.565 ден. |
| 01/2024 | Партерно уредување на крак на ул. Сатеска - Даљан | 86.199 ден. |
| 01/2024 | Партерно уредување на крак на улица во село Пештани | 187.856 ден. |
| 02/2024 | Изградба на цокле на паркот во село Велгошти | 208.594 ден. |
| 03/2024 | Партерно уредување на пристапни улици и патишта на територијата на Општина Охрид, поставување на нови бекатон елементи, парковски коловозни, крпење на ударни дупки и санација на прекопи со нови бекатон елементи | 222.130 ден. |
| 03/2024 | Партерно уредување на пристапни улици и патишта на територијата на Општина Охрид и санација на прекопи со нови бекатон елементи | 60.331 ден. |
| 03/2024 | Партерно уредување на пристапни патишта и улици на територијата на општина Охрид, поставување нови бекатон елементи, парковски и коловозни рабници, крпење на ударни дупки и санација на прекопи | 247.244 ден. |
| 03/2024 | Партерно уредување на дворот на ОУ Ванчо Николески Лескоец | 406.274 ден. |
| 04/2024 | Партерно уредување на крак на улица св. Климент Охридски во Пештани | 465.038 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 04/2024 | Партерно уредување на кружен тек - пресек на Булевар Туристичка со Булевар АСНОМ | 37.760 ден. |
| 05/2024 | Партерно уредување на пристани улици и патишта на територијата на општина Охрид, поставување нови бекатон елементи, парковски и коловозни рабници, крпење ударни дупки и санација на прекопи | 178.500 ден. |
| 05/2024 | Партерно уредување на пристапни улици над камп Елешец | 597.847 ден. |
| 08/2024 | Помошни градежни активности на ул. 7ми Ноември | 89.338 ден. |
| 08/2024 | Партерно уредување на крак на улица во Село Елшани | 38.161 ден. |
| 08/2024 | Партерно уредување на ул. Кирил и Методиј | 1.300.643 ден. |
| 08/2024 | Партерно уредување на пристапни улици и патишта на територијата на општина Охрид, поставување на нови бекатон елементи и претходно порамнување и тампонирање на теренот | 131.043 ден. |
| 08/2024 | Партерно уредување на споменикот на илинденците во село Велгошти | 53.454 ден. |
| 08/2024 | Партерно уредување на крак на ул. Партизанска | 68.794 ден. |
| 09/2024 | Санација на споменично обележје на св. Климент Охридски на градскиот плоштад Охрид и санација на споменично обележје на македонските просветители св. Кирил и Методиј | 27.984 ден. |
| | Партерно уредување на територијата на општина Охруид со бекатон елементи и претходно порамнување и тампонирање, утврдени во програмата за работа на Општина Охрид, крпење на ударни дупки по улиците на Општина Охрид | 361.292 ден. |
| | Партерно уредување на ул. Галичица | 377.154 ден. |



| | | |
|---|---|---|
| 2025 | Изработка на заштитна метална ограда на ул. „Илинденска“ во с. Велгошти | 74.068 ден. |
| 2025 | Партерно уредување на јавни површини кај Стобекс | 247.800 ден. |
| 2025 | Изградба на ограден ѕид на ул. Македонска ударна бригада и партерно уредена | 488.360 ден. |
| 2025 | Изградба на ограден зид кај спортско игралиште Видобишта | 115.050 ден. |
| 2025 | Крпење ударни дупки | 401.590 ден. |

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП "БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ"

ЈП „Билјанини извори" во изминативе четири години реализираше низа спортско рекреативни активности на своите терени. Претпријатието беше домаќин на отворените спортски терени - стадионот со природна трева и стадионот со вештачка трева, како и на зимски припреми во фудбал. Во текот на овој период стандардно се одржуваа тренинзи и натпревари на охридските и останати клубови и школи од државава.

Во месец јуни годинава се одржа Државното првенство во атлетика и Фудбалските турнири на Некст Левел, Копенхаген и Фер Плеј, а се одржаа и фудбалски припреми на екипите на Шкупи и ФК „Балкан" и на пријателски натпревари организирани од страна на ФФМ.

Меѓу останатите настани беа: 7-мо Ноемвриски хуманитарен турнир во мал фудбал, Државен Камп за Фудбалски голмани од Македонија, државно првенство за пензионери, Хет – Трик – Скопје – Фудбалски камп, Атлетика – АК Панчево – Србија – припреми, Фер Плеј – Меѓународен Фудбалски Турнир, Квалификации за Лига Шампиони, Трим Лум -Жалгирис, Лига Конференции, Трим Лум-Будучност, Лига Конференции, Трим Лум-Бреидамбрик Исланд, Организација на 3 концерти, Охридски Фудбалски надежи 2023 – Турнир за Општинските школи, организиран од Сојуз за Училишен Спорт – Охрид. Низа спортски активности на терените од претпријатието се одржуваа и во текот на 2022 година.

Во затворените спортски објекти редовно се одржуваа спортски натпревари и подготовки на клубови од градов и државава. Меѓу поголемите се:Охрид Опен – Теквондо , Семинар за ракометни тренери – организиран од страна на РФМ, Карате Турнир- Чоле, Олимписко теквондо – меѓународен турнир – Охрид опен и Ф4 Куп на Македонија – Ракомет, меѓународниот турнир во кошарка „ 20 Години Колибри ", организиран од страна на клубот КК Колибри – Охрид, Карате турнирот организиран од страна на КК КУН –СУ – ТО и Ракометниот турнир „Петка за ракомет ", организиран од страна на РШ „Седмерец". Меѓународен кошаркарски камп – ЕВЕ Баксет Олденбург – Германија, Меѓународен кошаркарски Турнир КК Колибри – Охрид ( екипи од Србија, Албанија, Германија и Македонија), Охрид Опен – Меѓународно првенство –олимписко таеквондо. На градскиот базен "Атина Бојаџи" се одржа третиот меѓународен пливачки митинг "Охрид Опен" 2023. ОВФ Пливачки митин.

Периодов претпријатието реализираше и инфраструктурни проекти. Инсталиран е сопствен систем за водоснабдување кој ќе генерира заштеди за ЈП "Билјанини Извор" на годишно ниво во вкупна вредност од 3 милиони денари. Исто така беа реновирани Соблекувалните и тоалети во спортската сала "Билјанини Извори".



**1. Хуманитарни паркинзи**
Собрани се средства во износ од 152 000 денари од хуманитарните паркинзи со кои располага ЈП „Билјанини извори". Средствата се донираа онаму каде што е најпотребно и тоа кај 21 годишниот Мухамед Максуд на кого му беше неопходна итна медицинска интервенција поради неговата здравствена состојба и на Здружението на дијабетичари - Охрид.

**2. Осветлување на помошен фудбалски терен со вештачка трева.**
После повеќегодишното барање на сите фудбалски школи и фудбалски клубови успеавме да го реализираме проектот за осветлување на помошното фудбалско игралиште со вештачка трева.

Реализацијата на ова инвестиција овозможува сите корисници да можат своите активности да ги продолжат и во вечерните часови што за овој годишен период при вакви дневни температури и при многу корисници како од Македонија така и од странство кои го избрале Охрид и СРЦ Билјанини Извори за подготовки и натпревари.

**3. Осовремување на СРЦ „Билјанини извори"**
ЈП Билјанини Извори во текот на летните месеци реализираше проект при што се доби целосен систем за наводнување на целата тревна површини на СРЦ Билјанини Извори.

**4. Помошен фудбалски терен во некогашната касарна „Михајло Апостолски".**
ЈП Билјанини Извори во изминатиот период реализираше значајни активности со кои веќе заборавениот фудбалски терен во поранешната Касарна „Михајло Апостолски" го обнови и притоа инсталира системот за наводнување согласно сите стандарди за ваков тип на фудбалски терени.

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА




## ЈП ВОДОВОД - ОХРИД

Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на водата за пиење во мандатот на градоначалникот Кирил Пецаков има реализирано бројни активности

Изведени се повеќе зафати за реконструкција и изградба на нови водоводни линии. Изведени се зафати во вредност од 16 793 735 денари, при што вкупно се изведени 3 311 м' водоводни линии со профили од Ø 25-300 мм, од кои што 796 м' се реконструирани, а 2515 м' се нови водоводни линии.
Во овој период се санирани вкупно 1 662 дефекти и интервенции од Оддел водомерна работилница - баждарница (поправка на водомери, водомерни шибери, холендари, баждарење на водомери и сл.)

Одделение за електро-машинско одржување:
Покрај редовното одржување во одделението за електромашинско одржување е извршена замена на потопни бунарски пумпи во вредност од1 815 722 денари, и тоа:

- Монтирана е потопна пумпа CAPRARI E8 P65-6/5A-W во бунар Студенчишта Б-3 и изведен е нов потисен цевковод Ø 110 мм, L= 42 м;
- Демонтирана е потопна пумпа GRUNDFOS SP 160-5 од бунар Студенчишта Б-2 и поставена е нова потопна пумпа CAPRARI E12 S50-8/3k-W;
- Демонтирана е потопна пумпа SHAKTI QF 270-3MTSF од бунар Орман Б-2 и поставена е нова потопна пумпа CAPRARI E8 P135/5D.
- Демонтирана е потопна пумпа SHAKTI QF 270-3MTSF од бунар Орман Б-1 и поставена е нова потопна пумпа CAPRARI E8 P135/5D.
- Покрај тоа е извршено и сервисирање на следните инсталации:
- Неисправен (прегорен) мотор од црпна пумпа во ПС "Метропол", истиот е винклован и пуштен во работа;
- Дефект на командна врска во хидростаница Рача ;
- Сервисирање на систем за хлорирање во ПС "Долно Лакочереј".
- Сервисирана е вертикална пумпа VCV 250/4T;
- Сервисирана е вертикална пумпа VCV 250/6T;
- Демонтажа и монтажа на нова пумпа во хидростаница Коњско.
- Демонтажа и монтажа на пумпа во резервоар Љубаништа.
- Демонтажа и монтажа на нова пумпа во хидростаница Рача 1.
- Неисправен мотор во ПС "Долно Лакочереј" (демонтажа, поправка и мотажа).
- Санација на вентил Ø 300 мм со електромоторен погон во ПС "Метропол" од пумпа 315 kW.

Оддел за приклучоци:

- Приклучоци на водоводна линија со профил Ø 5/4 " – Ø 100 мм: бр. 6
- Приклучоци и монтажа на нови водомери и евидентирање на нови водомери во станбени згради Ø 1/2 " - 3/4 " – 1 ": бр. 309
- Дислокации на водомери и водоводни линии и преприклучувања: бр. 16
- Приклучоци на водоводна линија со профил Ø 5/4 " – Ø 100 мм: бр. 17
- Приклучоци и монтажа на нови водомери и евидентирање на нови водомери во станбени згради Ø 1/2" - 3/4": бр. 577
- Дислокации на водомери и водоводни линии и преприклучувања: бр. 24

Вкупно санирани дефекти во горенаведениот период: бр. 422

Вкупно санирани дефекти и интервенции од оддел водомерна работилница - баждарница (поправка на водомери, водомерни шибери, холендари, баждарење на водомери и сл.) во горенаведениот период: бр. 552

| ИМЕ | ДОЛЖИНА L ПРОФИЛ Ø | ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Водоводна линија за комплекс околу Старечки Дом (населба Далјан) | L = 290/240/200 m<br>Ø = 225/160/110 mm | 4 725 661 |
| Преприклучување на нова водовдна линија на крак на ул. "Прва МакедонскаУдарна Бригада " | L = 50 м<br>Ø = 3/4 " | 123 938 |
| Санација на водоводна линија ул. "Воденичарска", м.в. Видо Маала, с. Велгошти | L = 140 м<br>Ø = 225 мм | 3 081 378 |
| Водоводна линија во с. Велгошти, м.в. Навис – Буцакоска Маала | L = 183 м<br>Ø = 63 мм | 2 |

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА




## ЈП ВОДОВОД - ОХРИД

| ИМЕ | ВРЕДНОСТ |
|---|---|
| Водоводна линија во с. Велгошти (крак Елена Аврамоска, фаза 2) | 53557 |
| Водоводна линија на ул. “Питу Гули” бр. 36 (крак Дарко Георгиевски) | 99275 |
| Водоводна линија во населба Рача (крак Ристови) | 329117 |
| Санација на чешми на патека Студенчишта-Парк и плоштад Мини Маркет | 102313 |
| Девијација на водоводна линија на влез во село Долно Лакочереј | 553894 |
| Девијација на водоводна линија на ул. “Васил Главинов” бр. 35 – (крак Апостолоски) | 280890 |
| Водоводна линија на крак на ул. “АСНОМ” – крак 2 за објекти “Трим и Лум” и останати | 901381 |
| Водоводна линија во населба Рача (крак Цигловци) | 1523489 |
| Водоводна линија во населба Рача (крак Цигловци, II фаза) | 692026 |
| Водоводна линија на дел од бул. “Туристичка” (објект ЕМ ЕР Кардаш) | 315839 |
| Поставување на шибери за зграда на ул. “Васил Стефоски” | 92950 |
| Девијација на водоводна линија на дел од бул. “Македонски Просветители” (КП 11022/18 и КП 11022/25, КО Охрид 2) | 370079 |
| Водоводна линија на дел од ул. “7-ми Ноември” и систем за наводнување | 297855 |
| Девијација на водоводна линија во с. Љубаништа (м.в. Бабен, КП 1786/2, КО Љубаништа) | 33189 |
| Девијација на водоводна линија на бул. "Туристичка" (комплекс кај "Лукоил") | 107722 |
| Девијација на водоводна линија на КП 11315/2, КО Охрид 2, ул. “Сирма Војвода” | 662203 |
| Водоводна линија за спортски комплекс “Стобекс” | 64853 |

| ИМЕ | ВРЕДНОСТ |
|---|---|
| Водоводна линија за УЗ 4, дел од УБ 4.7, Опфат 2 | 3 178 609 |
| Приклучок на водоводна мрежа ОУ “Ванчо Николески” – с. Лескоец | 107 377 |
| Дислокација на водоводна линија на КП 4121/4, КО Охрид 4 | 85 629 |
| Водоводна линија на дел од ул. “Живко Чинго” | 830 386 |
| Водоводна линија на дел од ул. “Живко Чинго” | 144 392 |
| Замена на водоводна линија на ул. “Дејан Војвода” (кај ЕВН) | 113 517 |
| Водоводна линија на дел од ул. “‘Славеј Планина” (крак Томакоски, Котлар и Секулоски) | 128 196 |
| Водоводна линија на дел од ул. “‘Славеј Планина” (крак Томакоски, Котлар и Секулоски) | 12 501 |
| Замена на водоводна линија на делови од улиците “Маршал Тито” и “Воденичарска” во с. Велгошти | 61 464 |
| Водоводна линија во с. Велгошти, м.в. Навис | 215 404 |
| Девијација на водоводна линија на дел од бул. “Македонски Просветители” (кај СВР Охрид и Пожарна) | 278 808 |
| Поврзување на водоводна линија Ø 110 мм со препумпна станица во с. Шипокно | 403 381 |
| Девијација на водоводна линија – Пештани Ø 90 мм | 158 979 |
| Девијација на водоводна линија на ул. “15-ти Корпус” (стара Слобода) | 361 289 |
| Водоводна мрежа за комплекс населба “Бејбунар” | 1 046 441 |
| Водоводна линија на два крака на ул. “Васил Стефоски” (прва времена ситуација) | 56 083 |
| Водоводна линија за водоснабдување на комплекс касарна “Михајло Апостолски” | 3 130 647 |
| **Вкупно** | **16 793 735** |

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА



## ЈП „НИСКОГРАДБА“

- ЈП „Нискоградба“ ја одржува канализационата мрежа во должина од 182.45 километри. За овој период извршени се повеќе 3 000 интервенции за отстранување на дефекти на канализационата мрежа. Извршена е контрола и чистење на целата должина од канализациониот систем и извршена е санација на околу 120 шахти на уличната канализациона мрежа и 50 сливници и шахти од атмосферската канализациона мрежа.
- Изведена е фекална канализација од околу 1 622 метри во износ од 7.175.948,00 денари.
- Изведба, нивелирање на шахти и промена на капаци на шахти по улици низ Општина Охрид во износ од 3. 353.352, 00 ден.
- Реконструкција на канализациона мрежа на територијата на Општина Охрид од Ф 160 до Ф300- 164 метри во износ од 502.972,00 денари.
- Изведена е атмосферска канализација. Вкупно се изведени 806 метри во износ од 3. 875.823,00 денари.
- Изведба на сливници ( сливни – шахти) по улици низ Општина Охрид.
- Во изминатиов период поставени се бехатон плочки на јавни површини од 1454,13м2 во износ од 2.763.736,00 денари, а тампониран е и локалниот пристапен пат Шипокно – Охрид во износ од 113. 280, 00 денари.

ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид е претпријатие основано од Општина Охрид и неговата основна дејност е насочена кон изградба на комунални објеки за течности, односно изградба на дистрибуциони цевоводи за транспорт на течности и придружни објекти и структури коишто се составен дел на овие системи.

Претпријатието во делокругот на своето работење врши одржување и управување на канализациониот систем на Охрид, односно претставува давател на услуги за одведување на отпадните води.

Одржувањето на канализациониот систем се состои од :

- отстранување на дефекти од канализациониот систем
- интервенции на канализациониот систем по пријава на дефект од граѓани нон стоп во тек на 24 часа
- редовно одржување преку дневна, седмична , месечна контрола на фекалната (уличната) канализациона мрежа со механичко чистење и со пумпа
- редовно одржување преку дневна, седмична , месечна контрола на атмосферската канализациона мрежа со механичко чистење и со пумпа
- одржување на ревизионите шахти од уличната канализациона мрежа преку редовно чистење со отстранување на талог , разни отпадоци и сл. кои го оневозможуваат правилното функционирање на системот



- одржување на шахтите и сливниците од атмосферската канализациона мрежа преку редовно чистење со отстранување на талог, лисја , гранки и сл. кои го оневозможуваат правилното функционирање на системот
- одржување на црпните станици во однос на исправноста на електро механичката опрема и одржување на градежниот дел.

Вкупната должина на денес постојната мрежа изнесува околу 185,1 km, од кои:

- мешовита канализациона мрежа 41km,
- фекална канализациона мрежа 97,3km,
- атмосферска канализациона мрежа 46,8 km и
- 7 (седум) препумпни станици

**Градот Охрид и непосредната околина е практично целосно покриен со фекална канализациона мрежа, односно околу 95.80 %**

Во период од ноиември 2023 г. до ноември 2024 г. ЈП НИСКОГРАДБА - ОХРИД за одржување на канализациониот систем извршило 3 200 интервенции на отстранување на дефекти на уличната канализациона мрежа. Извршена е контрола и чистење на целата должина од канализациониот систем и извршена е санација на околу 132 шахти на уличната канализациона мрежа и 58 сливници и шахти од атмосферската канализациона мрежа.

**2. Завршени работи по барање на Општина Охрид (вкупен износ од 20.544.765,00 ден)**

2.1. Изведба на фекална канализација

Вкупно се изведени 1645m фекална канализација во износ од 6.404.560,00 ден. од кои

- Фекална канализација во Зона Запад (кај Лук Оил и Окта): Ф250 - 237m ,Ф300-201m во износ 2.110.399,00 ден
- Фекална канализација на краци во с. Лескоец : Ф200 - 191m во износ 873.655,00 ден
- Фекална канализација комплекс „АСНОМ“ “ : Ф400 - 264m во износ 1.445.742,00 ден
- Фекална канализација ул „Живко Чинго“ ,кај база Трудбеник“ : Ф200 - 108m во износ 367.129,00 ден
- Фекална канализација краци на ул „15-ти Корпус“: Ф250 - 74m во износ 344.339,00 ден
- Фекална канализација крак на ул.„Галичица“: Ф200 - 66m во износ 345.428,00 ден
- Фекална канализација нас. Коњско: Ф160 - 184m во износ 302.179,00 ден
- Фекална канализација на крак на ул Прва Македонска ударна бригада (Боксерски клуб) : во износ 222.312,00 ден
- Девијација на фекална канализација на ул.„Македонски Просветители“Ф250 - 80m во износ 393.377,00 ден
- и др.

**2.2 Изведба, нивелирање на шахти и промена на капаци на шахти по улици низ Општина Охрид во износ од 2.511.322,00 ден**

**2.3. Реконструкција на канализациони мрежи на територија на Општина Охрид од Ф160 до Ф500 - 405 m во износ од 1.139.099,00 ден**

**2.4. Изведба на атмосферска канализација**

Вкупно се изведени 875 m атмосферска канализација во износ од 6.130.330,00 ден
од кои:

- Атмосферска канализација на ул.„Гоце Делчев“ (крак 4 и крак 5) : Ф300 - 187m и Ф500 - 280m во износ 2.801.179,00 ден
- Атмосферска канализација ОСУ Св Климент Охридски Гимназија : од Ф160 до
- Ф300 - 166 m во износ 1.705.342,00 ден
- Атмосферска канализација на дел од ул.„Радојца Новичиќ“ (кај Домот) : Ф200 – Ф400 - 162m во износ 1.200.672,00 ден
- Атмосферска канализација прекоп на ул.„Седми Ноември“: Ф300 - 28m во износ 190.630,00 ден
- Спроведување на атмосферски води во село Велгошти во износ од 232.507,00 ден

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „НИСКОГРАДБА“

**2.5. Изведба на сливници (сливник-шахти) по улици низ Општина Охрид во износ од 295.449,00 ден**

**2.6. Завршни работи на улици**

2.6.1.Поплочување со бехатон плочки -1355,26 m2 во износ од 3.232.341,00 ден
од кои

- Партерно уредување на тротоарски површини во нас.Рача: 940,161m2 во износ од 2.480.029,00 ден
- Партерно уредување на дел од ул. „ Гоце Делчев“: 67,2m2 во износ од 107.622,00 ден
- Санирање на оштетени тротоарски и коловозни површини во Општина Охрид : 347,9m2 во износ од 644.690,00 ден

2.6.2. Тампонирање на подлога за поставување на урбана опрема во Касарна и пристапен пат во с.Шипокно во износ од 377.600,00 ден
2.6.3.Ангажирање на работна машина багер за потребите на Општина Охрид во износ од 454.064,00 ден

Во последниве 8 месеци од 31. 10 2024 до 01.06. 2025 ЈП НИСКОГРАДБА - ОХРИД за одржување на канализациониот систем извршила 3500 интервенции на отстранување на дефекти на уличната канализациона мрежа Извршена е контрола и чистење на целата должина од



канализациониот систем и извршена е санација на околу 146 шахти на уличната канализациона мрежа и 62 сливници и шахти од атмосферската канализациона мрежа.

**3. Завршени работи по барање на Општина Охрид(вкупен износ од 20.317.457,00 ден)**

3.1. Изведба на фекална канализација

Вкупно се изведени 609m фекална канализација во износ од 3.244.928,00 ден. од кои

- Фекална канализација во Зона Запад (кај Лук Оил и Окта): Ф300-202m во износ 1.063.080,00ден
- Фекална канализација комплекс „АСНОМ““ : Ф300 - 72m во износ 455.987,00 ден
- Фекална канализација на крак во с. Лескоец : Ф200- 222m во износ 889.092,00 ден
- Фекална канализација краци на ул. „Димитар Влахов“, Лагадин, крак на Бул. Туристичка и др. : Ф250 до Ф400 - 113m во износ 836.769,00 ден

3.2 Изведба, нивелирање на шахти и промена на капаци на шахти по улици низ Општина Охрид во износ од 1.733.678,00ден
3.3.Реконструкција на канализациони мрежи на територија на Општина Охрид од Ф160 до Ф400 - 208 m во износ од 566.723,00ден



3.4. Изведба на атмосферска канализација
Вкупно се изведени 974m атмосферска канализација во износ од 9.149.781,00 ден
од кои

- Атмосферски канал кај комплекс Билјанини Извори : Ф630 - 2x252m во износ 3.918.435,00 ден
- Атмосферска канализација на дел од ул. „Прилепска“ : Ф400 261m во износ 2.334.942,00ден
- Атмосферска канализација на пресекот на ул.„Петрино“ и ул.„Кленоец“ : Ф200 – Ф315 - 284m во износ 1.404.507,00 ден
- Атмосферска канализација во Зона Запад (кај Лук Оил и Окта): Ф400-72m во износ 333.374,00ден
- Атмосферска канализација на ул.„Гоце Делчев“ (крак 3, 4 и крак 5) : во износ 153.827,00ден
- Дополнителни работи на атмосферска канализација ОСУ Св Климент Охридски Гимназија : Ф110 - 25 m во износ 444.648,00 ден
- Атмосферска канализација комплекс Св. Стефан : Ф250 - 66m во износ 334.978,00 ден
- Атмосферска канализација на дел од ул.„Васил Главинов“: Ф250 - 48m во износ 225.070,00 ден

3.5.Изведба на сливници (сливник-шахти) по улици низ Општина Охрид
во износ од 237.298,00ден

**3.6. Завршни работи на улици**

2.6.1.Поплочување со бехатон плочки: 2823,7 m2 во износ од 5.036.005,00 ден од кои

- Партерно уредување на крак на улица Пресечка на Бул. Туристичка (кај Кипер Маркет) : 672,2 m2 во износ од 1.220.380,00 ден
- Партерно уредување на дел од улиците „ Гоце Делчев“, „Дејан Војвода“ и „ Даме Груев“ : 983,9 m2 во износ од 1.788.279,00 ден
- Партерно уредување на краци од улиците „ Питу Гули“, „Никола Карев“: 496 m2 во износ од 775.112,00 ден
- Партерно уредување на дворот на Средно угостителско училиште Ванчо Питошески : 170,2 m2 во износ од 407.240,00 ден
- Санирање на оштетени тротоарски и коловозни површини во Општина Охрид : 501,4m2во износ од 844.994,00 ден

2.6.2.Ангажирање на работна машина багер за потребите на Општина Охридво износ од 349.044,00ден

Вкупната должина на постојната канализациона мрежа во Охрид изнесува околу 186,7 km.



# ОПШТИНА ОХРИД

Адреса:
“Димитар Влахов” 57
6000 Охрид, Република Македонија
П.фах 125

E-mail/Web:
odnosisojavnost@ohrid.gov.mk
www.ohrid.gov.mk

Телефон:
(046) 262492 / (046) 262493
(046) 279520 / (046) 262469

Август 2025